**ФИНАЛЕН ЕКСПЕРТСКИ ИЗВЕШТАЈ**

**ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

# Идентификација и анализа на придонесот на туризмот заснован врз природата кон заштитата  на природата и развојот на локалното население

**Извештај го подготви:** проф. д-р Ивица Милевски

**Експерт по:** Туризам базиран на природата (НБТ)

Nature Based Tourism (NBT)

**По упатствата на:** ЦНВП Северна Македонија

Јули, 2023

# СОДРЖИНА:

**1. Воведни напомени** ... 3
1.1. Основни податоци за НБТ ... 4
1.2. Тековна состојба со НБТ во проектниот регион ... 5
**2. Методологија** ... 5
2.1. Десктоп анализа ... 7
2.1. Теренско собирање на податоци ... 8
**3. Кратко резиме на правната рамка која поддржува развој на туризам како економска активност во НП Маврово и НП Шар Планина** ... 10
**4. Анализа на состојбата во туризмот заснован врз природата (анкетирање)** ... 12
4.1. Национален Парк Маврово и Национален Парк Шар Планина ... 17
**5. Туризам заснован врз природата во заштитените подрачја** ... 17
5.1 Евидентирање на постоечките и потенцијалните туристички атракции во Националниот Парк Маврово и Шар Планина ... 18
*НП Шар Планина* ... 18
*НП Маврово* ... 24
**5.1.1. Листа на регистрирани даватели на туристички услуги засновани врз природата** ... 29
**5.1.2. Предлог проекти/иницијативи** ... 30
**6. Препораки за преземање на активности за развој на туризмот заснован врз природата при спроведувањето на проектот во периодот од 2022-2025 година** ... 46
**7. Заклучоци од студијата** ... 47
**8. Литература** ... 49
**АНЕКСИ** ... 51
Табела 1: Природни атракции во НП Шар Планина ... 51
Табела 2: Културни атракции во НП Шар Планина ... 56
Табела 3: Туристички активности во НП Шар Планина ... 57
Табела 4: Некои позначајни сместувачко-угостителски објекти на Шар Планина ... 59
Табела 5: Дел од идентификувана НБТ понуда во НП Шар Планина ... 60
Табела 6: Природни атракции во НП Маврово ... 62
Табела 7: Културни атракции во НП Маврово ... 67
Табела 8: Туристички активности во НП Маврово ... 72
Табела 9: Сместувачко-угостителски објекти базирани на НБТ во НП Маврово ... 73
Табела 10: Календар на настани, фестивали и традиционални активности ... 77

## 1. Воведни напомени

Туризмот се смета за сектор кој е важен за економскиот развој на даден простор, особено доколку другите економски алтернативи се слаби или недоволни. Во таа смисла, во досегашниот период, на подрачјето на НП Маврово и НП Шар Планина се правени одредени напори за туристички развој, главно насочени кон масовниот туризам (на Попова Шапка, на и околу Мавровското Езеро и одредени помали локалитети). Сепак, во последно време, освен масовниот, во подем се различни видови на алтернативен или авантуристички туризам, а меѓу нив, туризмот базиран на природа има посебно место и значење. Уникатната природа, прекрасните предели, дивиот жив свет, во комбинација со културното наследство, традициите и културните настани, претставуваат одлична основа за развој на овој вид туризам и привлекување на повеќе посетители – вљубеници во природата. Меѓутоа, покрај забележаните позитивни трендови во последните години, неопходни се дополнителни напори и чекори за развој на овој вид туризам.

Според наведените одлики на туризмот, ЦНВП - Организација за поврзување на природни вредноси и луѓе, подружница во Северна Македонија, Скопје, придонесува кон зачувување, интегрирање и одржливо користење на овие природни ресурси во рамките на програмите и стратегиите на двата Национални паркови “Маврово” и “Шар Планина”. Правецот на ЦНВП е насочен во препознавање на јасната поврзаност на заштитата на биолошката разновидност и поттикнувањето на одржливиот развој на секторот. Во овој контекст, пристапот на организацијата овозможи простор и за дел од експерти кои преку нивната анализа придонесуваат кон подобрување на заштитата на животната средина и развивање на социоекономската благосостојба кај локалното население. Дополнително, ангажманот на експертите придонесува кон одржливо управување, поттикнување, развој, мониторинг и зачувување на НБТ.

За таа цел Извештајот се фокусира на регионот кој го опфаќаат двата Национални Паркови „Шар Планина“ и „Маврово“. Изработката на овој документ има за задача да ги прибере и анализира анкетите доставени до заинтересираните субјекти кои имаат желба да се занимаваат со туризам.

Извештајот е изработен со користење на научно-истражувачка и теренски издржана анализа на севкупните потенцијали и критериуми за развој на туризмот заснован на природа, преку преглед на постоечки ресурси и релевантни документи, собирање на податоци и анализа на потенцијалите на целниот регион и воспоставување на нови туристички содржини и атрактивност. Дополнително, предмет на анализата е идентификацја на „нови“ атрактивни, природни и културно-историски локалитети, потоа идентификација на постоечките туристички производи и создавање на нови, како и согледување на можности за воспоставување на интегрирана туристичка понуда. Анализите се направени низ процес на активно вклучување на клучните засегнати страни, достапните постоечки податоци и документи, како и теренските истражувања направени за потребите на самиот Извештај.

## 1.1. Основни податоци за НБТ

Туризмот заснован на природата (Nature Based Tourism – NBT, НБТ), исто така познат како екотуризам или туризам на природата, претставува вид туризам кој се фокусира на доживување, почитување и зачувување на природните предели, дивиот свет и активностите на отворено. Овој вид на туризам вклучува посета на диви природни области, како што се национални паркови, природни, ненарушени шумски комплекси, посета на планини, крајбрежни региони и други недопрени предели, со цел да се набљудува и да се разбере природниот свет додека се минимизираат негативните влијанија врз животната средина.

Туризмот заснован на природа ги нагласува одржливите практики и напорите за зачувување на природата, со цел промоција на еколошката свест, зачувување на биолошката разновидност и благосостојба на локалните заедници. Често вклучува активности како што се набљудување и фотографирање на природата и дивиот свет (елени, мечки, рисови, ретки грабливи птици), потоа планинарење, кампување, кајакарење, нуркање и др. Примарната цел е да се ангажираат туристите во еколошки одговорни активности кои придонесуваат за зачувување на природните живеалишта и заштита на дивиот свет. Оваа форма на туризам обезбедува можности за посетителите да се поврзат со природата, да стекнат знаење за екосистемите и видовите и да ја ценат вродената убавина и вредност на природниот свет. Исто така, може да ги поддржи локалните економии преку генерирање приходи и можности за вработување за заедниците кои живеат во близина на овие природни области.

За да се обезбеди одржливост на туризмот заснован на природата, од клучно значење е да се придржуваме до одговорните туристички практики, вклучително минимизирање на отпадот и загадувањето, почитување на дивиот свет и нивните живеалишта, поддршка на локалните иницијативи за зачувување и ангажирање во културна чувствителност и учество на заедницата.

Неопходни предуслови за развој на НБТ се соодветна понуда на туристички производи врз основа на она што го нуди заштитеното подрачје и подготвеност за одржливо управување и користење на овие предели. Туристичкиот потенцијал на некое заштитено подрачје зависи од различни фактори, како што се локација, пристапност, побарувачка на пазарот, близина до други популарни туристички дестинации, маркетинг, присуство на локални туристички бизниси и инфраструктура (на пр. сместување, угостителство, водичи итн.).

Важно е да се напомене дека во последните децении, сè повеќе расне интересот за НБТ, паралелно со зголемувањето на свеста од потребата за зачувување на изворната или оригинална природа. Во таа смисла, националните паркови во Македонија а во тие рамки НП Шар Планина и НП Маврово, нудат одлични можности за развој на овој вид туризам.

### 1.2. Тековна состојба со НБТ во проектниот регион

Анализата на состојбата, потенцијалите, можностите и ограничувањата во поглед на НБТ во рамките на Националните паркови “Маврово” и “Шар Планина” е спроведена од проф. д-р Ивица Милевски. Имајќи во предвид дека Северна Македонија (РСМ) во рамките на преговарачкиот процес (скриниг процесот) со Европската Унија (ЕУ) го отвара и Преговорачкото Поглавје 27 за животна средина, сметаме дека преку нашата активност ќе придонесеме кон креирање на нови политики и прилагодувања на секторот од правен, административен и финансиски аспект.

Според нашата анализа, во двата национални паркови, туризмот заснован на природа сеуште е далеку од посакуваното ниво, особено ако се имаат во предвид големите и неискористени потенцијали. Всушност, овде сеуште доминира тенденцијата на масовен туризам кон главните локалитети Попова Шапка на Шар Планина и Мавровското Езеро во НП Маврово. Сепак, ковид-пандемијата во периодот 2020-2022, потоа климатските промени со екстремните жештини во летниот период и силното загадување во градовите во текот на зимата, драстично ја зголемија свеста и желбата за престој во еколошки чистите, оддалечени и диви планински предели на НП Шар Планина и НП Маврово. Воочливо е дека во последните години, интересот и тенденцијата за отворање на сместувачко-угостителски објекти и нудење на туристички активности во дивата природа се значително зголемени. Тоа јасно се согледа и за време на изработка на оваа студија, покажувајќи подготвеност на дел од локалното население по планинските села, за вклучување во тековите на НБТ.

## 2. Методологија

За целта на проектот и изработка на Извештајот е применета методологија соодветна за ваков вид истражувања, а претходно усогласена со ЦНВП и со останатите експерти. Методологијата главно се темели на:

- Воспоставување на методолошка рамка со распоред на активности;
- Кабинетска (десктоп) анализа на претходно изработените (достапни) студии и друга документација (карти, извештаи и сл.) релевантна за проектот;
- Теренска посета на внимателно избрани локалитети и селски населби во рамките на НП Шар Планина и НП Маврово;
- Анкетирање на жителите во повеќе селски населби (Вешала, Бозовце, Жировница, Ростуше, Велебрдо, Требиште и др.);
- Анализа и синтеза на сите претходно соберени податоци кои се во функција на НБТ за дадениот простор;
- Изготвување на финален Извештај.

Заради значителната просторна големина на двата национални парка и бројните селски и градски населби кои гравитираат или се на нивна територија, а имајќи го во предвид кусиот проектен период, конкретните истражувања и анкетирања се фокусирани на по едно пилот-подрачје во секој национален парк. Така, во НП Шар Планина, за подетално истражување и анкетирање, избрана е долината на реката Пена

(Слика 1). Истото не е направено случајно, туку поради фактот што долината длабоко навлегува во најубавиот дел на планинскиот масив, меѓу прекрасни пејзажи, остри и високи врвови, стрмни отсеци и длабоки долински страни. Токму овој простор е мошне атрактивен во поглед на еко-туризмот или туризмот базиран на природа, но за жал, сеуште слабо искористен и недоволно познат (особено за странците). Воедно, низ долината на Пена води асфалтен пат до с. Бозовце, по кој има одлични панорамски видици. На овој простор гравитираат неколку селски населби: Шипковица, Бродец, Вешала и Бозовце, на кои е посветено особено внимание со оглед на потенцијалите што ги имаат.




**Слика 1.** Приказ на спроведени анкетирања во НП Шар Планина.

Во рамките на НП Маврово, како пилот-подрачје е избран просторот во мошне живописната и „дива“ долина на Радика, помеѓу селата Трница и Ростуша (Слика 2). На овој потег, кој изобилува со природни и културни атракции, освен споменатите две села, посебен акцент е даден на Жировница, Велебрдо, Требиште и Битуше. Селата имаат извонредна положба во подножјето на највисокиот планински масив Кораб (со Дешат и Крчин), близу познатиот манастир „Св. Јован Бигорски“ и со одлични услови за развој на НБТ. Од друга страна, за разлика од селата Галичник, Јанче и Лазарополе, во нив сеуште нема соодветни сместувачко-угостителски капацитети, ниту особена туристичка понуда или производи. Токму затоа, преку разговори и анкетирање, се обидовме да добиеме податоци за состојбата, можностите, перспективите и подготвеноста на населението за промени во смисла на НБТ.




**Слика 2.** Приказ на спроведени анкетирања во НП Маврово.

Во целина земено, применетата методологија може да се подели на кабинетска (десктоп) работа и теренско прибирање на податоци.

## 2.1. Десктоп анализа

Со помош на кабинетската (десктоп) анализа, извршен е преглед на материјалите и податоците споделени од проектниот тим на ЦНВП, соодветни за конкретната задача. Исто така беше користена релевантна литература и база на податоци за проектното подрачје и тоа:

- Студија за развој на туризмот за регионот на Шар Планина (2010),

- Студија за валоризација на Шар Планина (2019),
- План за управување со Националниот парк Шар Планина за периодот 2022 – 2031 година,
- Студија за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово (2010),
- Развој на еко-туризмот во општина Гостивар (2016) и др.

Покрај наведеното, беа прегледани соодветните топографски карти за овој простор (во различен размер), потоа сателитски снимки (Google Earth Pro), податоците за сместувачко-угостителските објекти од google maps, booking.com, Airbnb и слични извори на податоци.

Овде мора да се напомене дека за реализирање на проектот и Извештајот, од посебно значење беа искуствата на проектните експерти од нивните претходни истражувања на овие подрачја.

## 2.1. Теренско собирање на податоци

Методолошкиот пристап за добивање на информациите потребни за овој извештај е базиран пред сѐ на анкетирање на жители и заинтересирани лица од повеќе населби во долината на Пена на Шар Планина и по долината на Радика во НП Маврово (слики 3-8). За таа цел, во периодот мај-јули, експертскиот тим ангажиран од ЦНВП – Скопје, посети дел од населените места кои се наоѓаат во националните паркови Маврово, Шар Планина и нивната непосредна околина. Во рамките на истражувањето беа опфатени општините: Маврово и Ростуша, Гостивар и Тетово. На оваа активност и претходеше подготовка на детален план за посета на десетина села (Шипковица, Бродец, Вешала, Бозовце, Трница, Жировница, Требиште, Велебрдо, Ростуше, Битуше, Лазарополе, Галичник итн.). При теренската активност се применуваше партиципативен пристап при што беа земени во предвид гледиштата на инволвираните чинители (како на пример локално население, физички и правни лица, невладини организации, претпријатија, бизнисмени и други) надополнети со фото документација.

Самите анкети беа поделени на четири категории (физички лица, правни лица, невладини организации и претпријатија) и содржеа повеќе прашања изготвени од експертскиот тим на ЦНВП. Пристапот имаше за цел да ги документира сознанијата на локалните жители за состојбите со туризмот и придобивките од него, како и потенцијалите кои се на располагање за подобрување на состојбата. Експертскиот тим ги спроведе овие техники со цел да испорача севкупно реално сценарио за НБТ.

Пред пристапување кон анкетирање, тимот подготви различни прашања за сите чинители. Прашањата беа во врска со сегашната состојба на туризмот, потенцијалите, и можноста за зголемен развој на руралниот и екотуризмот во проектното подрачје, како и желбата за дејствување за зголемена туристичка понуда. Додека се спроведуваа интервјуата со локалното население, фокусот беше даден на позитивните страни на туризмот, но и на пречките со кои се соочува населението.



**Слика 3.** Анкетирање на локалното население во с. Жировница

Освен директно анкетирање и разговор со мештаните, дел од анкетите беа пратени електронски преку мејл или вибер. На сличен начин се изврши и дополнување на нецелосните анкети или нивно ажурирање.

Освен класично анкетирање, со повеќе локални жители, правни субјекти и претставници од невладини организации, но и со туристи кои беа присутни за време на теренските посети, се разговараше за нивните предлози, сугестии и забелешки. Сето наведено беше мошне корисно во оформување на финалната оценка за состојбата и перспективите со НБТ во регионот.



**Слика 4.** Анкетирање на локалното население во с. Вешала

Треба да се напомене дека дел од анкетите беа некомплетни, или пак жителите не сакаа да ги пополнат-дополнат. Истите не се земени во предвид за НБТ студијата. Одреден проблем за теренските активности претставуваа лошите временски услови од една страна и кратката временска рамка за проектот, од друга страна. Сепак, во комбинација со електронски средства на комуникација, дел од овие проблеми беше надминат.

## 3. Кратко резиме на правната рамка која поддржува развој на туризам како економска активност во НП Маврово и НП Шар Планина

Во ова поглавје се презентирани информации за релевантните меѓународни договори кои се ратификувани и применливи во националните паркови.

***Законот за прогласување на Националниот парк Шар Планина*** е објавен на 6 јули 2021 година во Службен весник (151/2021). Со прогласувањето на Националниот парк, се наметнува потребата за формирање на орган за управување кој ќе биде одговорен да управува со заштитеното подрачје врз основа на Планот за управување. Овој План ќе дефинира мерки и активности за заштита на карактеристичните природни вредности во паркот, како неговото целокупно планирање и управување.

***Студијата за развој на туризмот во регионот на Шар Планина*** е подготвена во 2010 година. Главната цел на овој документ е да се подобри промоцијата, развојот и зачувувањето на регионалните природни и културни вредности, врската помеѓу луѓето во регионот и подобрувањето на квалитетот на животот на локално население. Клучни потреби идентификувани со овој документ се:

- Развој на зимски спортови;
- Развој на заштитени природни подрачја;
- Развој на руралниот туризам, вклучувајќи и алтернативен туризам;
- Заштита и унапредување на животната средина;
- Маркетинг и промоција на туристички вредности и производи;
- Развивање капацитети;
- Прекугранична соработка.

Во 2010 година е изготвен ***Извештај за валоризација на природните вредности на Шар Планина и проценка на нејзините пазарни вредности.*** Во извештајот се дадени детали за природните вредности (физичко-географски карактеристики, пределска разновидност и биолошка разновидност), валоризација на природните вредности (геодиверзитетот и биолошката разновидност), се разгледуваат природните вредности на Шар Планина (конверзија на живеалиштата, уништување/загуба или деградација на живеалиштата или цели екосистеми), фрагментација на живеалиштата, промени во биоценозата, како и губење на видови. Покрај тоа, во извештајот е дадена анализа на прашалникот подготвен заради економска процена на пазарните немерливи вредности на Шар Планина.

***Проектот за развој на Националната еколошка мрежа (МАК-НЕН),*** реализиран од Македонското еколошко друштво (МЕД) и Европскиот центар за конзервација на природата (ECNC), во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање во периодот од 2008-2011 година, резултираше со:

- карта на националната еколошка мрежа (МАК-НЕН) – на која се идентификувани еколошките коридори за крупните ѕверови и подрачјата за ревитализација кои ги поврзуваат постојните јадрови подрачја од национално значење и
- план за управување со еколошките коридори за кафеавата мечка – како средство за подобро разбирање на еколошките функции на јадровите подрачја и коридорите, поврзаноста на живеалиштатаи концептот на еколошки мрежи воопшто.

Спроведувањето на националната еколошка мрежа ќе помогне во исполнување на обврските кои произлегуваат од различни меѓународни договори од областа на заштитата на природата (Конвенција за биолошка разновидност, Бернска Конвенција, Бонска Конвенција, Рамсарска Конвенција итн.) ратификувани од Република Македонија. Дополнително МАК-НЕН ќе служи како основа за имплементација на стандардите на ЕУ во делот на заштита на природата, имплементација на Директивата за птици и Директивата за живеалишта, како и етаблирање на НАТУРА 2000.

Во рамките на ***Студијата за валоризација на Шар Планина*** во 2020 година беше дефинирана потребата од поднесување иницијатива за прогласување на Национален Парк Шар Планина. Во насока на продолжување на напорите и заради конечно прогласување на ова подрачје за национален парк, во рамките на спомenатиот проект, ангажиран е конзорциум партнери, Институтот за екологија и технологија од Тетовскиот Државен Универзитет (главен партнер/одговорен координатор) и Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Република Северна Македонија, за изработка на Студија за валоризација на Шар Планина, во согласност со позитивното национално законодавство.

Паралелно, во рамките на проектот „Поддршка на земјите од Западен Балкан за имплементација на мултилатералните договори за животна средина преку зајакнување на институционалната рамка и градење на капацитетите“, а со поддршка на УНЕП и Министерството за животна средина, земјиште и море на Република Италија, беше изработена и посебна ***Социо-економска студија за Шар Планина***, со цел разработка на релевантните аспекти во главната студија, како и заради идна промоција и одржлив социоекономски развој на подрачјето.

***План за управување за Националниот парк Шар Планина за период 2022 – 2031.*** Овој нацрт-план за управување со Националниот парк Шар Планина се базира на искуството и работата на повеќе од 70 експерти кои беа задолжени за подготовка на Студијата за валоризација и Социоекономската студија за Шар Планина. Посебно поглавје има за туризмот.

***Првиот Просторен План за Националниот Парк Маврово*** е донесен во 1986 година и неговата важност се уште е во сила, земајќи го предвид фактот дека сеуште нема изготвено нов Просторен План за ова Заштитено подрачје.

***Прво прогласување на НП Маврово*** (1949-1952): Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонија во врска со чл. 5 и т. 7 од Законот за Президиумот на Народното Собрание на НРМ го прогласува Законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за Национален Парк што го донесе Народното Собрание на НРМ на седницата од 18 април 1949 година, кој гласи: "Указ за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за Национален Парк" (Службен весник на НРМ, бр.10 од 05. 05. 1949 година).

***Студијата за ревалоризација на Заштитеното подрачје Маврово*** е изработена во 2010 година, во рамките на Проектот "Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Националниот Парк Маврово" промовиран од Невладините организации Oxfam Италија и GVC, финансиран од Министерството за надворешни работи на Република Италија. Главна цел на проектот била заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Националниот Парк Маврово" е подобрување на условите за живот на населението што живее во рамките на Националниот Парк Маврово преку стратегија на партиципативно управување со природните ресурси и заштита на животната средина насочена кон одржливо користење на природните вредности од подрачјето и промоција на иницијативите за локален развој.

***Студијата за екотуризам во општина Гостивар*** се фокусира на регионот кој го опфаќа течението на реката Вардар т.е. пределот на реката Вардар по течението на градот Гостивар и селото Вруток се до потегот на општина Врапчиште и Брвеница.

***План за управување со животната средина и социјалните аспекти за потпроектот: „Развој на туризмот во Мавровската долина", 2019 година.*** Главната цел на овој проект е развој и унапредување на туризмот во Националниот парк „Маврово" како едногодишна дестинација со разновидна понуда за домашни и странски туристи.

## 4. Анализа на состојбата во туризмот заснован врз природата (анкетирање)

Во периодот помеѓу месеците мај и јули, за целта на проектот посетени се повеќе селски населби во НП Шар Планина и НП Маврово. При тоа е разговарано со локални жители, но и присутни туристи и посетители за потенцијалите и можностите за развој на туризмот базиран на природа во овие региони. Во оваа прилика, извршено е анкетирање на десетина лица од селата Вешала, Бозовце и Шипковица на Шар Планина, како и на десетина лица од селата Жировница, Ростуше, Велебрдо, Требиште и Лазарополе од НП Маврово. При овие разговори беа утврдени следните потенцијали на туризам базиран на природата во националните паркови:

- Авантуристички туризам;
- Планинарење;
- Хајкинг, трекинг;
- Кампување, зимско кампување;
- Планински велосипедизам, велосипедски спуст, даунхил;
- Параглајдинг;

- Јавање коњи;
- Спелеологија;
- Алпинизам, качување по мраз;
- Планинско трчање;
- Рурален / ЕКО туризам;
- Езерски и речен туризам;
- Геотуризам;
- Набљудување на природата, итн.



**Слика 5.** Анкетирање и дискусија со жители и заинтересирани лица кои сакаат да се занимаваат со НБТ во с. Жировница

Во текот на разговорите со локалните жители, идентификувани се следните позитивни трендови, потенцијали и предности:

- Зголемен број на сместувачки објекти во селата Шипковица, Вешала, Бозовце (надградба и доградба на куќи и други објекти);
- Подобрување на локалниот е-туризам (понуди на туристичките е-портали booking.com и Airbnb);
- Подобрување во сферата на екотуризмот - домаќините на сместувачките капацитети произведуваат, служат и продаваат традиционална еко (домашна) храна;
- Зголемен интерес на кандидати за локални туристички и планински водичи;
- Појава на нови еко-туристички локалитети, како што е Шипковички бачила (со услови за рурален, еко-туризам, геотуризам, хајкинг, велосипедизам итн.);
- Отворен нов сместувачки објект и ресторан со традиционална храна во село Бозовце, каде има нова туристичка атракција: тура со коњи.
- Во селото Жировница има нов планинарски дом со капацитет од околу 30 туристи (Говедарница);



**Слика 6.** Посета на Планинарскиот клуб Љуботен во Тетово и дискусија за потенцијалите и можноста за развој на туризам базиран на природата во регионот



**Слика 7.** Анкетирање и дискусија со жители и заинтересирани лица кои сакаат да се занимаваат со НБТ во с. Вешала



**Слика 8.** Анкетирање и разговор со физички и правни лица кои се дел од НВО во селата Требиште и Велебрдо

Сепак, во досегашниот развој, но и во акуелната состојба со туризмот базиран на природа, во Националните паркови Маврово и Шар Планина, може да се увидат низа проблеми, недостатоци и слабости. Од разговорите со локалното население, произлезе дека за подобар развој на НБТ неопходно е справување со следните проблеми:

- Многу нелегални и диви депонии каде се фрла ѓубрето и шутот;
- Лоша туристичка и патна сигнализација (недостаток на туристички знаци, инфо табли, патокази, стандардни и дигитални карти);
- Недостаток на локации за кампување, места за застанување и панорамски видиковци;
- Недоволни сместувачки капацитети, особено во селата;
- Иселување на младото население и недостаток на млада работна сила во туризмот;
- Лоша медиумска промоција на локалните туристички понуди;
- Недостаток на планински тури и атрактивни понуди во текот на годината;
- Недостаток на подобра поддршка за локалните жители кои сакаат да придонесат за развој на туризмот;
- Недостаток на планинска спасувачка служба;
- Недоволна и нерамномерна понуда на сместувачки објекти во областа, посебно во селата. Според сите расположиви информации, во целата област се нудат само околу 50-тина, главно мали сместувачки објекти (вили, семејни хотели и др.), од кои 70% се околу Мавровското Езеро. Голем дел од понудата е нестандардизирана (на диво), без нудење дополнителни туристички услуги и на ниско ниво (преноќување, издавање на вили, елементарно уредени објекти и сл.);
- Слаба понуда на алтернативни и еко-форми на туризам, иако овде има одлични услови за тоа (трекинг - пешачење, планински велосипедизам, планинарење, алпинизам, спелеологија, кампување, извиднички туризам, рурален туризам, гео-туризам, јавање на коњи, набљудување на диви животни и др.);
- Лоша сообраќајна инфраструктура - голем дел од регионалните и локалните патишта на овој простор се во лоша состојба, со чест ризик од непроодност, појава на одрони, лавини, свлечишта, со мал број на паркинг-позиции и сл;

- Недоволна и несоодветна интернет промоција на сместувачко-угостителските капацитети и нивната понуда;
- Непостоење на квалитетни туристички карти за областа, а посебно за најатрактивните природни (планини, врвови, кањони, пештери, извори, езерца и сл.) и културни локалитети;
- Недефинирани туристички рути со кои би се посетиле природните и културните атракции во областа и кои би привлекле внимание;
- Немање на сувенирници и слаба понуда на оригинални локални сувенири со мотиви поврзани со уникатните природни и културни вредности во регионите;
- Непостоење на локална мрежа на водичи низ планините во областа и на горска служба за спасување која е неопходна за вакви преубави, но тешко достапни терени;
- Несоодветна политика на цени во туристичката понуда на областа. Имено, сите показатели укажуваат на релативно високи цени во однос на услугите што се нудат;
- Недоволна и нерамномерна понуда и промоција на сместувачките и угостителските капацитети;
- Слаба промоција на природните и културните вредности и на туристичката понудата во регионите;
- Недоволна инвентивност во креација на нови туристички производи во областа;
- Недоволна туристичка препознатливост на голем број на села во националните паркови;
- Непрепознаеност дека од туризмот во овие региони може добро да се заработи и да се живее.



**Слика 9.** Посета на Управата на НП Шар Планина, анкетирање и разговор со тамошните лица околу потенцијалот на НБТ во овој регион

### 4.1. Национален Парк Маврово и Национален Парк Шар Планина

Од дискусијата со локалното население од националните паркови и анализа на доставените анкетни листови, произлезе дека е неопходна поголема институционална и јавна поддршка во поглед на туризмот базиран на природа. Во таа насока, со повисока локална, регионална, национална и прекугранична соработка и поддршка (вклучувајќи национални паркови, фондови и програми на ЕУ итн.) на локалното население и заедници, во следната деценија се очекува во двата Национални паркови да се развијат повеќе видови на туризам заснован на природата. Стратегија за развој на туризмот во НП Шара и Маврово со детални акциски планови е неопходна како основа за одржлив развој на туризмот. Прашањата во делот на „недостатоци“ мора да се решат што е можно поскоро, за туризмот да се развива во правилна насока.

## 5. Туризам заснован врз природата во заштитените подрачја

Туризмот базиран на природата (НБТ) во Националните Паркови „Шар Планина“ и „Маврово“ нуди широк спектар на придобивки за животната средина и за вклучените заедници. Еве некои од клучните предности:

- Зачувување и заштита на природата: Националните паркови се основани за заштита и зачувување на природните екосистеми, геолошката и биолошката разновидност. Туризмот во овие области може да создава приходи кои може да се искористат за заштита, обновување на живеалиштата (хабитатите) и спречување на нелегални активности како што се ловокрадство и дива сеча.
- Економски раст и создавање работни места: Туризмот заснован на природата дава можности за вработување за локалните заедници и тоа од чувари на паркови и водичи, до услуги во угостителството, транспорт и локални занаетчии кои ги продаваат своите производи на туристите. Ова може да го стимулира економскиот раст во руралните области (кои главно се слабо развиени) и да придонесе за севкупниот просперитет на регионот.
- Едукација и зголемување на свеста: Посетителите на Националните паркови подобро ја увидуваат важноста на зачувувањето и заштитата на животната средина. Искусувајќи ги овие природни убавини од прва рака, туристите често развиваат поголема почит кон природата и стануваат посвесни за потребата да се зачува за идните генерации.
- Културна размена и разбирање: Националните Паркови често содржат важни културни и историски места, а туризмот им дава можност на посетителите да научат за локалната култура и традиции на заедниците кои живеат во или околу парковите. Ова поттикнува културна размена и разбирање помеѓу различни групи луѓе.
- Развој на инфраструктурата: Приливот на туристи бара развој на инфраструктура како што се патишта, сместувачки капацитети, центри за посетители и рекреативни објекти. Иако внимателното планирање е од суштинско значење за да се минимизира влијанието врз животната средина, подобрената инфраструктура може да биде од корист и за туристите и за локалните жители.
- Истражување и мониторинг на биолошката разновидност: Со зголемена туристичка активност, постои поголема веројатност за откривање нови видови или стекнување нови сознанија за постоечките. Дополнително, туристите можат

да дејствуваат како „граѓански научници“ со обезбедување вредни податоци за истражувачите и управувачите на паркот.

- Зајакнување на локалната заедница: Кога се управува одговорно, туризмот базиран на природата може да ги зајакне локалните заедници со тоа што ќе ги вклучи во процесите на донесување одлуки и ќе ја охрабри заштитата на нивните природни ресурси. Ова помага да се поттикне чувството на сопственост и одговорност за зачувување на Националните паркови.
- Здравствени придобивки: Престојот во природа има бројни здравствени придобивки, вклучително и намалување на стресот, подобрување на менталната благосостојба и промовирање на физичка активност. Националните паркови обезбедуваат идеален амбиент за посетителите да се поврзат со природата и да уживаат во рекреативни активности.

Сепак, од суштинско значење е да се постигне рамнотежа помеѓу придобивките од туризмот базиран на природата и неговите потенцијални негативни влијанија, како што се нарушување на живеалиштата, загадувањето и пренатрупаноста. Одржливите и одговорни туристички практики, заедно со ефективни стратегии за управување, се клучни за да се осигура дека овие вредни природни области се зачувани за да уживаат идните генерации.

## 5.1 Евидентирање на постоечките и потенцијалните туристички атракции во Националниот Парк Маврово и Шар Планина

Во следниот дел е даден преглед на евидентираните постоечки и потенцијални туристички атракции во Националниот Парк Маврово и Националниот Парк Шар Планина. За таа цел, врз основа на расположливите податоци е креиран инвентар, во кој се претставени позначајните природни и културни атракции, сместувачки објекти и туристички активности поврзани со НБТ (туризам заснован на природа). За подобра прегледност, инвентарот е даден во вид на соодветни табели на крајот од Извештајот, односно во посебен Анекс, а подолу е само краток текстуален осверт на евидентираните атракции.

### *НП Шар Планина*

Во Табела 1 е даден детален преглед на 32 природни атракции на територијата на НП Шар Планина. Од нив, највпечатливи се планинските врвови, особено највисоките Титов Врв (2748 m), Мал Турчин (2702 m) и Бакардан (2700 m) во средишниот дел на масивот. Меѓу најмаркантните, а воедно и еден од најпосетените планински врвови во НП Шар Планина е Љуботен (2498 m), кој се наоѓа во крајниот северен дел на планината. На сртот југозападно од Љуботен, се издигаат десетина мошне атрактивни врвови повисоки од 2500 метри. Такви се Езерски Врв (2586 m), Пескови (2651 m), Кобилица (2538 m), Вртоп (2555 m), Трпезница (2610 m), Бриставец (2675 m), Голема Враца (2582 m), Мала Враца (2536 m) и други. Езерски Врв претставува голем предизвик за искачување поради присуството на сипари, но погледот од него кон четирите глацијални езера (Горно и Долно Доброшко Езеро на македонска страна и Големо и Мало Јажинско Езеро на косовска страна) е навистина уникатен. Југозападно од Доброшки Врв се наоѓа врвот

Кобилица (2528 m), на границата со Косово, а препознатлив е по својата остра пирамидална форма и карпестиот гребен Трескавец на западната страна од врвот. Западно од врвот Кобилица, а северозападно од селото Вешала, на самата граница со Косово се наоѓа врвот Караниколица (2409 m). Спуштајќи се кон југ, веќе во средишниот дел на Шар Планина, се наоѓаат два многу атрактивни и посетени врвови од посетителите. Еден од нив е Плат (2398 m) кој се издига источно од Лешничка Река и над локалитетот Горна Лешница. Особено атрактивен, но не и помалку значаен врв е Јелак, кој се наоѓа источно од врвот Плат, а северно од туристичкиот центар Попова Шапка, на височина од 1890 m. Во средишниот дел на Шар Планина се наоѓаат највисоките врвови. Меѓу нив, се веќе спомнатите највисоки три врва (Титов Врв, Бакардан и Мал Турчин), но на овој простор се наоѓа и еден од поатрактивните и поискачувани врвови од страна на планинарите. Станува збор за врвот Џинибег (2610 m), од каде започнува клисурата на реката Пена. Доста препознатлив и впечатлив врв е Бриставец (или Бориславец; 2675 m), кој се наоѓа во средишниот предел на Шар Планина, ограничен со Белото и Боговинското Езеро на север, и Црното Езеро и иворишниот дел на реката Маздрача на југ. Во јужниот дел на планината исто така има доста значајни и посетувани врвови. Еден од нив е врвот Голема Враца (2582 m), кој се наоѓа на границата со Косово, ограничен со долините на Тиха Вода на север и Маздрача на југ.



**Слика 10.** Панорама од врвот Плат (2398 m) кон Лешница и Титов Врв (2748 m) во позадината. *Фото Милевски, 2018*

Покрај врвовите, во истата табела е даден преглед на маркантните геолокалитети како природни атракции. Меѓу нив посебно се истакнува Лешница, која се наоѓа во срцето на НП Шар Планина, помеѓу врвот Плат (2398 m) на исток и Среден Камен (2465 m) на запад. Особено привлечен локалитет е Три Води, сместен северно од Теарце.

Освен наведеното, Шар Планина изобилува со атрактивни речни долини, а меѓу нив, туристички најатрактивна секако е долината, односно клисурата на реката Пена, која ја дели планината на два дела: северен и јужен. Во изворишниот дел на Пена, мошне атрактивна е и долината на Кривошијска Река, која минува низ преубавата Лешница. Покрај неа, длабоко всечена и стрмна долина (со глацијален карактер) има реката Теаречка Бистрица, која извира во подножјето на Црни Врв (2585 m). Североисточно од Бистрица е долината на реката Габровница, која е препознатлива по двете Доброшки

глацијални езера. Во јужниот дел на Шар Планина се наоѓа клисурата на реката Маздрача, која извира помеѓу врвовите Голема и Мала Враца.

Кога станува збор за природните атракции на Шар Планина, не смеат да се изостават многубројните водопади. Меѓу најатрактивните се десетината скалесто наредени водопади на Камењанска Река кај селото Камењане и водопадите Горно и Долно Цкало на Кривошијска Река, во локалитетот Лешница.



**Слика 11.** Дел од поатрактивните водопади на Шар Планина: водопадите на Кривошијска Река и Лешничка Река (горе) и водопадите на Камењанска Река (долу). *Фото: Милевски, 2017-2020*

Помеѓу останатите туристички вредности на Шар Планина базирани на природата, се истакнува изворот или врутокот на најголемата река во Северна Македонија, Вардар, југозападно од градот Гостивар.

Меѓу најзначајните туристички атракции на НП Шар Планина се преубавите глацијални (леднички) езера, кои најчесто лежат над 2000 m надморска височина. Едно од нив е Боговинското Езеро, најголемо глацијално езеро не само на Шар Планина, туку и во целата држава. Сместено е помеѓу врвовите Бриставец (Бориславец; 2675 m) на југ и врвот Мала Смрека (2435 m) на север. Од езерото истекува и се формира Боговинска Река, која создала еден од најмаркантните кањони на Шар Планина. Северозападно од

Боговинско Езеро, помеѓу врвот Трпезница (2610 m) на запад и Мала Смрека (2435 m) на исток, се наоѓа Бело Езеро, додека на јужното подножје на врвот Бриставец (2675 m) е уште едно преубаво глацијално езеро, Црно Езеро. Северно од нив, поконкретно под врвот Караниколица (2409 m) се наоѓаат Малото и Големото Караниколичко глацијално езеро. Југозападно од нив е сместено и глацијалното езеро Црн Ѓол. Во централниот дел на масивот, источно од врвот Турчин (2702 m) е сместено Кривошијско Езеро. Во северниот дел на НП Шар Планина, северозападно од Доброшки Врв (2354 m) се сместени Горно и Долно Доброшко Езеро.



**Слика 12.** Поголемите глацијални езера на Шар Планина: Боговинско Езеро (горе), Црно Езеро (во средината) и Караниколички езера (долу). *Фото: Милевски, 2017-2021*

Покрај природните, НП Шар Планина со непосредната околина, изобилуваат и со културни атракции, а најрепрезентативните се наведени во Табела 2. Од нив, особено значење имаат Лешочкиот манастир во селото Лешок, потоа Шарената џамија во градот Тетово, Тетовското Кале северно од градот Тетово, два музеи, поголем број археолошки наоѓалишта и други културни знаменитости. Исто така, во Тетово се наоѓаат две православни цркви, кои се изградени на почетокот на 20 век.

На подрачјето на НП Шар Планина и во непосредната околина се регистрирани вкупно 14 музички, поетски и традиционални манифестации, од кои попознати се Тетовски фолк филиграни, Илирски карневали во село Бозовце, Народни традиционални игри во село Селце, Лешочки фолк фест и др.

Во однос на спортските манифестации, кои можеби се и најпрепознатливи кога станува збор за културните атракции на просторот на НП Шар Планина, регистрирани се десетина, од кои треба да се споменат: „Меѓународен Шарплanински скијачки куп“, „Бека куп“, „Шарске Воде“ кој воедно е во редот на најзначајните спортски настани, потоа „Менада“ и натпреварувачки настан со параглајдери. Освен тоа, за љубителите на планинарењето во рамките на НП Шар Планина се одржуваат неколку традиционални искачувања на врвовите на планинскиот масив, од кои порепрезентативни се традиционалното искачување на највисокиот врв на Шар Планина, Титов Врв и искачување на маркантниот и величествен планински врв Љуботен.



**Слика 13.** Летно кампување на локалитетот Долна Лешница. *Фото: Милевски, 2017*

Од сето претходно наведено, произлегува дека на просторот на НП Шар Планина се застапени или имаат голем потенцијал различни видови на туризам и туристички активности, кои се прикажани во Табела 3 во Анексот на Извештајот. Меѓу нив, доминантно е планинарењето кое масовно се одвива речиси низ целиот планински масив во текот на годината, особено во летниот и есенскиот период. Нешто понови, но сè помасовни туристички активности се планинското трчање, кое е особено привлечно за спортистите и планинскиот велосипедизам (маунтбајкинг), особено по означените патеки. За жал, планинскиот велосипедизам не е соодветно регулиран, па често се вози долж планинарски и трекинг патеки или пак обратно, планинари и возила се движат по велосипедските патеки, што може да биде ризично и опасно. Кога станува збор за екстремни спортови, НП Шар Планина може да се пофали со солидни можности за алпинизам, особено на локалитетот Лешница, каде има карпести отсеци високи и по неколку стотици метри. Солидни можности има и за параглајдинг, со најчести позиции

на врвот Љуботен, Доброшки Врв и Попова Шапка. Со оглед на големата побарувачка од страна на туристите, од 2018 година, во НП Шар Планина се достапни активностите јавање на коњи и трка со коњи и тоа главно во околината на планинарскиот дом Јелак, потоа во селото Бозовце и на Лешница. Како што споменавме претходно, Шар Планина изобилува со многу геовредности. Меѓу нив, поинтересни се пештерите, кои се јавуваат на повеќе локации, што пак условува интерес за спелеотуризам. Сепак, досега познатите пештери (меѓу кои најголема е пештерата Шар под Караниколица), не се уредени за посета и потребна е посебна внимателност и обука при влегување во нив. За љубителите на зимските спортови, Шар Планина нуди зимско кампување, и тоа во северниот дел на планината, под врвот Љуботен и во јужните делови, поточно во локалитетот Лешница и Јелачкиот регион. Покрај зимското, масовното кампување е актуелно и во други сезони, најесто во близина на глацијалните езера (над 2000 m н.в.). Претходно наведените локалитети (Попова Шапка, Лешница, Јелак, Љуботен), се привлечни исто така и за активноста движење со дрезги.

Со оглед на многубројните природни и културни атракции и туристички активности, во НП Шар Планина се присутни повеќе сместувачко-угостителски објекти. Најголем дел од нив се застапени во околината на градот Тетово и ски центарот Попова Шапка (кои се дел од масовниот туризам). Во однос на туризмот базиран на природа или екотуризмот, сместувачко-угостителските објекти се застапени главно во селските населби (Табела 5). Според податоците од анкетираните лица и теренските разговори, во с. Вејце постои биофарма која нуди продажба на сирење и тури со јавање на коњи, што е особено привлечно за туристите и хостел Хана.



**Слика 14.** Мал хостел-ресторан Калајат во с. Бозовце, изграден во традиционален стил и со понуда на традиционални јадења

На подножјето на врвот Љуботен, во северниот дел на Шара е сместен планинарскиот дом Љуботен, како и вилата Љуботен. За достапни туристички информации, стојат на

располагање трите планинарски клуба, и тоа: Љуботен, Пик трип и Тетекс. За љубителите на руралниот и алтернативниот туризам, во северните подножја на Шар Планина, поточно во с. Вратница има хостел (Хостел Вратница) со капацитет од 30 гости, со понуда на домашна храна, како и тура со велосипеди. Рурален туризам се развива и во централниот дел на Националниот Парк, поточно во селата Бозовце, Шипковица и Вешала, каде приватни лица нудат сместување, традиционална храна, биопроизводи и тури за планинарење.

### *НП Маврово*

Освен НП Шар Планина, целта на овој проект е да се увиди сегашната состојба со НБТ на НП Маврово. Во таа насока, во Табела 6 е направен преглед на природните атракции во Паркот. Претставени се вкупно 30 локалитети, од кои 5 пештери, 6 маркантни планински врвови, 8 кањонести долини, 4 водопади, 3 излетнички места, 2 езера, карстно поле, ски центар и сафари парк.



**Слика 15.** Преубавата, длабоко всечена долина на Радика кај с. Ростуше. *Фото Милевски, 2023*

Во границите на НП Маврово се опфатени југозападните ограноци на Шар Планина, поголем дел од Бистра, Кораб, Крчин и Дешат. Во тој поглед, во Табела 7 се претставени најмаркантните и најатрактивни планински врвови. Од планината Кораб е претставен највисокиот врв не само на оваа планина, туку и во Северна Македонија (2764 m), сместен на самата граница со Албанија. Јужно од него се наоѓа Рибничка Скала (2305 m), а источно од него се наоѓа еден од потешките врвови за искачување, Кабаш со височина од 2391 m. Јужно од Кораб е сместена планината Дешат, која во рамките на Националниот Парк е препознатлива по највисокиот врв, Веливар (2373 m) кој се наоѓа на границата со Албанија. Планината Крчин, пак, е претставена со највисокиот врв Голем Крчин (2341 m), кој се наоѓа јужно од врвот Веливар. Исто така и Бистра има препознатливи врвови, од кои најатрактивен за искачување е Меденица (2163 m), северно

од селото Галичник. Од претставените 9 кањони, сите се наоѓаат по течението на реката Радика, која извира на северозапад под врвот Голема Враца на Шар Планина (2200 m), а се влива во Дебарско Езеро (487 m).

За разлика од НП Шар Планина, во НП Маврово има бројни пештери. Такви се пештерите Алилица, Симка, Шаркова Дупка и др. За жал, единствено пештерата Шаркова Дупка, донекаде е уредена за посета. Пештерата Симка, долга речиси 500 метри, се наоѓа во северниот дел на Националниот Парк, на десната долинска страна на Аџина Река, близу Стрезимир. Под самата пештера поминува макадамски пат до граничниот премин Растелица (со Република Косово). Сепак, влезот во пештерата не е особено пристапен (се минува преку сипар). Јужно, во срцето на планината Бистра, кај селото Тресонче е пештерата Алилица, една од поатрактивните пештери во овој регион. Уште појужно од Алилица, во близина на селото Лазарополе се наоѓа пештерата Калина Дупка, а во близина на селото Маврово, јужно од Мавровско Езеро е лоцирана пештерата Шаркова Дупка.




**Слика 16.** Поатрактивните пештери во НП Маврово: А. Симка (кај Стрезимир), Б. Шаркова Дупка (кај с. Маврово), В. Калина Дупка (кај с. Лазарополе), Г. Алилица (кај с. Тресонче)

НП Маврово е препознатлив и посетен заради атрактивните водопади кои ги поседува. Меѓу нив, највпечатливи се Орлов водопад и Син Вир, на Тресонечка Река, близу селото Тресонче, Корапски Водопад, сместен помеѓу врвовите Голем Кораб на север и Кабаш на југ, а воедно и највисок во Северна Македонија со своите 130 m и на југ е лоциран Дуфски Водопад, на падините на планината Крчин, во близина на с. Ростуше. Од излетничките места на овој регион, најатрактивни се Бојков Кладенец во близина на скијачкиот центар Маврово и на југ, околината на с. Лазарополе, воедно една од повисоките населби во Северна Македонија, како и Горна Ледина во подножјето на

планината Дешат. Од езерата, презентирани се Мавровското Езеро и најниското глацијално езеро во Северна Македонија, Локув (1565 m), сместено северозападното од с. Требиште.

НП Маврово има доста уникатни природни атракции. Меѓу нив е карстното поле Тони Вода на планината Бистра, сафари паркот во срцето на Националниот Парк, како и скицентарот Маврово за сите љубители на зимски спортови.

Освен природни, НП Маврово изобилува и со многу културни атракции. Според деталните истражувања утврдени се 15 верски објекти, меѓу најпознати се манастирот Св. Јован Бигорски и Стара џамија. Манастирскиот комплекс се наоѓа на југозападното подножје на планината Бистра, десната страна од патот помеѓу селата Јанче и Болетин. Старата џамија е сместена на влезот во селото Ростуше. Најпознати локалитети од културно значење во близина на селото Лазарополе се Главино Село и Оралиште. Јужно од Лазарополе, по течението на Гарска Река е лоциран познатиот мост Елен Скок. Селото Галичник кое се наоѓа на јужните падини на планината Бистра е далеку препознатливо по традиционалната Галичка свадба, која има меѓународно значење, како и Галичката ликовна колонија.



**Слика 17.** Манастирскиот комплекс „Св. Јован Бигорски“. *Фото: Милевски, 2023*

Кога се зборува за културни обележја во Мавровскиот регион, невозможно е да не се спомене Реканската етнографска област која го зафаќа просторот по течението на реката Радка. Истата е поделена на Горна, Долна, Голема, Мала Река и Мавровско Поле, при што секој предел опфаќа поголема група на села, кои се прикажани во Табела 7. Во тој поглед, секоја година, поточно во лето се одржува манифестацијата Реканско културно лето, се со цел да се претстават и промовираат културните вредности на оваа етнографска област, како што се традиционалната реканска пита и останати традиционални специјалитети.



**Слика 18.** Манифестацијата Галичка свадба привлекува бројни, не само домашни, туку и странски туристи и е една од најпознатите во НП Маврово

Што се однесува до останатите културни атракции во НП Маврово, посебно препознатливи се „Галичка свадба“, потоа традиционалното искачување на највисокиот врв во државата Голем Кораб, манифестацијата Маврово Тур која нуди натпревари со велосипеди околу Мавровското Езеро и сл.



**Слика 19.** Организирана тура со коњи во с. Галичник. *Фото: Милевски, 2020*

Туризмот во НП Маврово нема да е комплетен без туристичките активности кои претставуваат производ од природните и културните атракции (Табела 8). Така, согласно нашите истражувања, идентификувавме вкупно 10 постоечки и потенцијални видови на туристички активности на ова мошне атрактивно подрачје. Со оглед на преубавите и предизвикувачките планински врвови, планинарењето е една од најприсутните туристички атракции во НП Маврово, кое се одвива во сите сезони, особено во периодот

мај-октомври. Присуството на повеќе од 40 пештери, овозможува туристичка посета за сите љубители на спелеологијата. Импресивните планински предели и патеки даваат можност за планински велосипедизам, особено околу Мавровското Езеро. Исто така, веќе неколку години со голема побарувачка од страна на туристите, успешно се одвива активноста јавање на коњи со почетна точка од с. Галичник, доживувајќи ги падините на планините Бистра и Стогово во полн сјај. Полноводната и мошне динамичната река Радика овозможува кајакарење и рафтинг. За оние пак, кои обожаваат малку понеобични и ексцентрични спортови, а со цел да се доживеат целосно преубавите планински предели и врвови, НП Маврово нуди можност за параглајдинг и искачување на карпи. Со оглед на тоа дека Мавровското Езеро претставува „бисер" во овој предел, околу езерото има можност за кампување. НП Маврово е особено атрактивен во зима. Па во тој поглед, ски центарот нуди прекрасни услови за алско скијање, а исто така организира и меѓународни натпревари по сноубординг.



**Слика 20.** Традиционално искачување на врвот Голем Кораб (2753 m). *Фото: Милевски, 2011*

Со оглед на многубројните природни и културни атракции и туристички активности, во НП Маврово се присутни повеќе сместувачко-угостителски објекти (Табела 9). Меѓу нив, на располагање се десетина хотели, петнаесетина апартмани и вили и десетина ресторани. Мошне важно да се напомене е дека најголем дел од објектите, особено хотелите се достапни и промовирани на booking.com, Airbnb, google maps или пак на tripadvisor. Според тоа, туристите можат да одберат каде сакаат да престојуваат или јадат. Од друга страна пак, во поглед на е-туризмот, за оние сместувачки или угостителски објекти потребна е поголема видливост и промоција, се со цел зголемен капацитет на туристи и посетители.

### 5.1.1. Листа на регистрирани даватели на туристички услуги засновани врз природата

Од анкетираните лица нема регистрирани даватели на туристички услуги засновани врз природата. Сепак, надвор од анкетираните, има бројни субјекти кои се регистрирани и нудат туристички услуги, кои веќе ги напоменавме во претходното поглавје. Воедно, треба да се укаже дека развојот на туризмот базиран на природата во Националните Паркови бара внимателно планирање, одржливи практики и разгледување на различни фактори за да се обезбеди зачувување на еколошкиот интегритет и културното значење на Паркот.

Клучни елементи кои се неопходни за успешен развој на туризмот базиран на природата (НБТ) во Националните Паркови „Маврово“ и „Шар Планина“ се: Зачувување и одржливост на животната средина, проценка на носивоста на туристи, управување со посетители, вклучување на заедницата и споделување на придобивките, зголемена свест и обуки на локалното население за придобивките од НБТ, соодветна инфраструктура, маркација, патокази, мониторинг и истражување, соработка помеѓу владините агенции, локалните заедници, невладините организации и субјектите од приватниот сектор, изготвување катастар за природни и геонепогоди итн.

Со внимателно разгледување на овие фактори и интегрирање на одржливи практики, туризмот заснован на природата може да придонесе и за напорите за зачувување и за локалната економија, истовремено обезбедувајќи им на посетителите значајни и незаборавни искуства во наведените Национални Паркови.

## 5.1.2. Предлог проекти/иницијативи

Предлог Проект 1 – МАНИФЕСТАЦИЈА: ПЛАНИНАРСКА ТРКА ВО С. РОСТУШЕ (Rostuše trail)

<table>
<tr><th>Наслов</th><th>Краток опис</th><th>Финансиска конструкција</th><th>Главни предвидени активности</th><th>Потенцијалени имплементатори</th><th>Социо-економско влијание</th></tr>
<tr><td>МАНИФЕСТАЦИЈА: Планинарска трка во с. Ростуше (Rostuše trail)</td><td rowspan="3">Манифестацијата ќе придонесе кон промоција и развој на руралниот и екотуризмот во проектниот простор. Предложениот проект може да придонесе потикнување на зголемен број на туристи во регионот, но и можност за развој на NBT туризмот во Националните Паркови. Проектот предвидува и маркирање на постари патеки, како и место за кампување во близина на селото Ростуше, со посета на врвот Меденица, Карбула, спуштање во селото Галичник и финиш на турата во с. Јанче.</td><td rowspan="3">10000 евра</td><td rowspan="3">- 20 km со D+ 1200 и D-1200, 4 контролни точки.<br>- Мерење на време – електронски.<br>- Отварање на web страна, плаќање on-line.<br>- Дизајнирана маичка.<br>- Финишерски медали за 1, 2 и 3 место.<br>- Обележување на патеката (сечење, средување, маркирање со лента).<br>- Промоција на патеката на социјални медиуми.<br>- Учество на други трки и промоција на Rostuše trail.<br>- 10 km со D+500 и D-500.<br>- 2 контролни мерења на време.<br>- Пречек на сите тркачи во центарот на општината Ростуше, со водител и Dj.<br>- Закуска (традиционална пита итн.).<br>- Можност за гостите кои нема да трчаат (посета на водопад Дуф (1 km од с. Ростуше), езеро Локув (5,5 km од с. Битуше, манастирот Бигорски (8 km).</td><td rowspan="3">Харис Беќири од с. Ростуше<br>Конт: 078394477</td><td rowspan="3">Поддршка на руралниот и екотуризмот и поттикнување на зголемен број на туристи во регионот.<br><br>Градење на стратегија за одржливо управување на НБТ во рамките на локалните заедници<br><br>Подигање на јавната свест за природните и еколошко-економските потенциали на НБТ.<br><br>Директна финансиска подршка на организаторите – ако е применливо</td></tr>
<tr><td>МАНИФЕСТАЦИЈА: Обележување на патеката во с. Ростуше</td></tr>
<tr><td>МАНИФЕСТАЦИЈА: Finish Line</td></tr>
</table>

Предлог Проект 2 – ИЗГРАДБА НА ВИДИКОВЕЦ, УРЕДУВАЊЕ НА ПАТЕКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНФО ТАБЛИ ВО С. ЖИРОВНИЦА

<table>
<tr><th>Наслов</th><th>Краток опис</th><th>Финансиска конструкција</th><th>Главни предвидени активности</th><th>Потенцијалени имплементатори</th><th>Социо-економско влијание</th></tr>
<tr><td>Изградба на видиковец</td><td rowspan="3">Селото Жировница располага со бројни природни убавини, кои за жал сеуште не се доволно искористени или пак воопшто и не се посетени од страна на туристите. Целта на проектот е ова живописно село да биде уште попривлечно и полесно достапно за населението, туристите и сите добронамерни посетители, љубители на природата и убавиот пејзаж. Со изградба на дрвен видиковец, сигурносна дрвена ограда, патокази, информативни табли, дрвени канти за отпадоци и сл., би се овозможило луѓето да имаат здрав и рекреативен живот, да се поттикнат младите кон здрав и активен живот надвор од секојдневните социјални мрежи и да има многу повеќе посетители и туристи.</td><td rowspan="3">12000 евра</td><td rowspan="3">- Набавка на потребни материјали за спроведување на проектот (дрво, органски бои, информативен материјал).<br>- Подготовка и расчистување на локацијата за изградба на видиковецот.<br>- Обележување на патеката со поставување на соодветни патокази.<br>- Поставување на информативни табли на соодветни места.<br>- Изградба на видиковец и заштитна ограда.<br>- Поставување на канти за отпадоци.<br>- Поставување на  дрвени клупи.</td><td rowspan="3">- Анес Ахмети од с. Жировница<br>Конт: 077935792<br>- Месна заедница</td><td rowspan="3">- Зголемена видливост на регионот.<br>- Зголемен број на туристи.<br>- Потикнување на развој на NBT во с. Жировница.<br>- Превенција на миграција.<br>- Зголемување на свесноста за ековредностите кои ги поседуваат..<br>- Подобрување на вештини за претприемништво.<br>- Враќање на стари навики на живот, пешачење, одмор, рекреација.<br>- Стекнување навики за здрав и активен живот.<br>- Зголемување на бројот на домашни а особено на странски туристи, а со тоа и зголемен профит на локалните продавници и локални кафе барови и ресторани.</td></tr>
<tr><td>Уредување на патека</td></tr>
<tr><td>Поставување на инфо табли</td></tr>
</table>

Предлог Проект 3 – КАМПИНГ ПРОСТОР, МИНИ ЕТНО СЕЛО И ПРОДАЖБА НА БИОПРОИЗВОДИ ВО С. ТРЕБИШТЕ

| **Наслов** | **Краток опис** | **Финансиска конструкција** | **Главни предвидени активности** | **Потенцијалени имплементатори** | **Социо-економско влијание** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кампинг простор** | Моментално инвестираат во пчеларство и производство на мед, како и откупување на градежно земјиште за кампинг простор. На земјиштето веќе се прават припремни работи за отворање на кампинг простор. Исто така, во блиска иднина ќе се инвестира во проектна фаза за изградба на мини етно село по завршувањето на деталната анализа на пазарот.<br>Планираат да изградат кампинг простор наменет за туристи кои сакаат да уживаат во недопрената природа и ноќеваат во шатор со обезбедена електрична енергија, тоалети и чиста вода за пиење. Сместени на локација која е блиску до населените места с. Требиште и с. Битуше, а сепак нуди живописна и недопрена природа. Во блиска иднина ќе се прошири понудата со изградба на ресторан и дополнителни сместувачки капацитети. | 20000 евра Учество со сопствени средства во висина од 30% од добиените средства од грантот. | - Досредување на просторот со мали градежни работи.<br>- Набавка на мини причистителна станица за спречување штетни влијаниа на околината.<br>- Организирање на обуки на локалните млади за правилно користрње на природните рерурси кои ги нуди околината.<br>- Обучување на најмалку 10 млади за правилно кампување во природата.<br>- Изработка на програма со активности кои ќе се одржуваат на местото Влок.<br>- Организирање на тура до езерото Локув на која ќе се одржат неколку активности како: Правилно собирање на шумски плодови, еко акција по патеката од с. Требиште до езерото Локув и сл.<br>- Угостителство, мед, требишко сирење и традиционална реканска храна. | МРТ Консталтинг ДООЕЛ<br>Самија Мурати<br>Конт: 075280958<br>info@mrt-imobilien.de | - Детални анализи на пазарот за понатамошни инвестиции во сверата на туризмот и изработка на идни решенија за конкретни производи од сверата на гастрономијата и руралниот еко туризам.<br>- Поради местоположбата на земјиштето кое е во близина на границата со Р. Албанија реализирањето на проекти како што е проектот со канпинг простор има потенцијал за идни меѓугранични проекти со кои ќе се развие инфраструктурата и ќе се отворат патеки и нови рекреативн активности кои ќе придонесат за развојот на локалните бизниси од РС. Македонија и Р. Албанија.<br>- Поголем број на поминати обуки и сертификати за рурален развој и туризам, подготовка на бизнис план, еко туризам и слично. |
| **Мини етно село** | | | | | |
| **Продажба на биопроизводи** | | | | | |

Предлог Проект 4 – ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ПРЕКУ КРЕАТИВНИ БИЗНИСИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЛНОРЕКАНСКИОТ РЕГИОН (С. ТРЕБИШТЕ)

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-економско влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Организирање на предавања и работилници за изработка на креативни бизнис идеи.** | Во општина Маврово и Ростуше најголем проблем е прекумерното иселување на младите поради немање на перспектива и можности за вработување. Сите активности на здружението вклучуваат млади и главно се спроведуваат од млади, а особено се води грижа за родовата застапеност во рамките на здружението. Како клучни активности се спроведување на предавања за екосистемски услуги и кои се можностите за отпочнување на сопствен бизнис, потоа предавања за активизам на млади жени преку кои треба да се зголеми бројот на жени во креирање проекти и активности со кои ќе се решат одредени проблеми. Здружението за екологија и унапредување на културата и спортот ЗЕУКСТРИТОН во изминатите години спроведе проекти кои имаа за цел да се поттикнат младите да формираат сопствен мал бизнис и беа обучени на кои начини да го рекламираат нивниот производ. Ваквите активности беа спроведени во рамките на проектот ,,Младите за Маврово,, финансиран од Цивика Мобилитас. Исто така во рамките на проектот Екосистемските услуги во и околу селото Велебрдо, се поттикнаа граѓаните да ги користат ресурсите кои ги нуди природата. Имаме искуство во спроведување на поголем број проекти преку кои ја оствaруваме нашата визија за еколошки чиста и развиена општина во сферите на екологијата културата спортот и туризмот. | 12000 евра | - Подигање свест за активното вклучување во зачувувањето на животната средина.<br>- Спроведување еко акции на територијата на општина Маврово и Ростуше.<br>- Мапирање на диви депонии во населените места и изработка на препораки за расчистување и спречување од создавање нови.<br>- Средби со сите релевантни институции се со цел изработка на стратегија за справување со отпадот.<br>- Презентации по основните и средното училиште низ општината со главна цел подигање на еко свеста на децата и други видови на активности и проекти кои имаат за цел да ги зачуваат биодиверзитетот и заштитат животната средина во општина Маврово и Ростуше.<br>- Организирање вебинари за локалното население за NBT туризам и неговите придобивки.<br>- Креирање и оддржување веб страна за долнореканскиот регион, се со цел поголема промоција и зголемен број туристи.. | Кемил Исметовиќ<br>Здружение за екологија и унапредување на културата и спортот - ЗЕУКСТРИТОН<br>Конт: 075 280 958 / zeuks.triton@gmail.com | - Здружението располага со над 20 волонтери кои активно се вклучени во ЕКО Патролата које е во рамките на здружението но работи со посебна програма и активно се залага за едукација на населението за тоа зошто е важно да се зачувува животната средина.<br>- Здружението се финансира со реализирање на бројни проекти од сверата на екологијата, туризмот културата и спортот а како донатори се: Министерсто за животна срерина и просторно планирање, Civica Mobilitas, НВО Инфоцентар-Скопје, Центар за современи уметности- Скопје, Општина Маврово и Ростуше,НП Маврово и дриги партнерски организации со кои заедно делуваме во спроведување на акции преку регрантирање.<br>- Постои можност за идно проширување на активностите и во соседна република Албанија со оглед на тоа дека е во непосредна близина со одредени населени места. |
| **Организирање на информативни средби со граѓани за можности за финансирање на сопствена бизнис идеа** | | | | | |
| **Работни состаноци со локалните бизниси за одпочнување на процес за изработка на стратегија за развој на долнореканскиот регион.** | | | | | |
| **Финансирање на 3 бизнис идеи кои ќе произлезат од предгходните две активности во висина од 1.000 до 1.500 евра** | | | | | |
| **Изработка на веб страна за бесплатна промоција на постоечките и нови локални бизниси како и можностиза рекреација со цел поголема видливост на пазарот и зголемување на бројот на домашни и странски туристи во долнореканскиот регион** | | | | | |

Предлог Проект 5 – УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ, СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТ И БИОПРОИЗВОДИ ВО С. БРОДЕЦ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-економско влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Угостителски услуги** | Предвидениот проект нуди туристички услуги во делот на угостителството, сместувањето и биопроизводи. Истиот може да придонесе кон развој на рурален, екотуризам, како и придобивки од NBT туризмот. Селото Бродец е познато по својата долгогодишна традиција, такашто најмногу посетители има кога се оддржуваат традиционални свадби, годишна манифестација (состаноци со луѓе од селото што се во странство) и сл. | 10000 евра | - Традиционални јадења (особено флија).<br>- Природни сокови (особено боровинка).<br>- Чај од природата.<br>- Сместувачки капацитет. | Мурсел Исмаили<br>Конт: 070263199 | - Развој на рурален и екотуризам.<br>- Зголемен угостителски и сместувачки капацитет.<br>- Можност за придобивки на локалното население.<br>- Поголема препознатливост и промоција на овој крај. |
| **Сместувачки капацитет** | | | | | |
| **Биопродизводи** | | | | | |





## Предлог Проект 6 – УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ, СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТ И БИОПРОИЗВОДИ ВО С. ВЕШАЛА

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-економско влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Угостителски услуги** | Предвидениот проект нуди туристички услуги во делот на угостителството, сместувањето и биопродизводи. Истиот може да придонесе кон развој на рурален, екотуризам, како и придобивки од NBT туризмот. Селото Вешала нуди голем број на природни атракции, а фактот дека претставува појдовна точка кон околните планински врвови и глацијални езера на Шар Планина, говори дека станува збор за огромен туристички потенцијал. | 15000 евра | - Реновирање на куќа,<br>- Реклама и маркетинг на социјалните мрежи,<br>- Започнување со услугите:<br>- Сместувачки капацитет,<br>- Традиционални јадења (особено флија),<br>- Природни сокови (особено боровинка),<br>- Чај од природата. | Насир Шабани<br>Конт: 071738276 | - Развој на рурален и екотуризам.<br>- Зголемен угостителски и сместувачки капацитет.<br>- Можност за придобивки на локалното население.<br>- Поголема препознатливост и промоција на овој крај. |
| **Сместувачки капацитет** | | | | | |
| **Биопродизводи** | | | | | |







Предлог Проект 7 – УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ, СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТ И БИОПРОИЗВОДИ ВО С. ВЕШАЛА

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-економско влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Угостителски услуги** | Предвидениот проект нуди туристички услуги во делот на угостителството, сместувањето и биопродизводи. Истиот може да придонесе кон развој на рурален, екотуризам, како и придобивки од NBT туризмот. Селото Вешала нуди голем број на природни атракции, а фактот дека претставува појдовна точка кон околните планински врвови и глацијални езера на Шар Планина, говори дека станува збор за огромен туристички потенцијал. | 10000 евра | - Реновирање на куќата.<br>- Рекламација и маркетинг на социјалните мрежи.<br>- Започнување на услугите:<br>- Сместувачки капацитет.<br>- Традиционални јадења (особено флија).<br>- Природни сокови (особено боровинка).<br>- Чај од природата. | Бедри Ибрахими<br>Конт: 071906987 | - Развој на рурален и екотуризам.<br>- Зголемен угостителски и сместувачки капацитет.<br>- Можност за придобивки на локалното население.<br>- Поголема препознатливост и промоција на овој крај. |
| **Сместувачки капацитет** | | | | | |
| **Биопродизводи** | | | | | |








Предлог Проект 8 – АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ СО ПЛАТФОРМА ВО С. ТРЕБИШТЕ

<table>
<tr><th>Наслов</th><th>Краток опис</th><th>Финансиска конструкција</th><th>Главни предвидени активности</th><th>Потенцијалени имплементатори</th><th>Социо-економско влијание</th></tr>
<tr><td>Изградба на угостителски објект со платформа</td><td rowspan="3">Маврово и Ростуше изобилуваат со природни богатства и можност да се искористат истите за привлекување на домашни и странски туристи.<br>Глацијалното Езеро Локув, чистиот воздух, водопадот Дуф, недопрената придода се само некои од многубројните убавини и причина  да се посети овој дел од нашата држава. Секако дека има и некои недостатоци со кои се соочува локалното население. Дивите депонии и строго заштитените подрачја во националниот парк Маврово на некој начин го ограничуваат развојот на туризмот.<br>Предвидениот проект, адаптација на постоечки угостителски објект со платформа за панорамски поглед кон Бистра и Строгово, како и кон селата: Требиште, Велебрдо, Аџиевци и Присојница би бил одлична прилика за привлекување на туристи токму во овој регион. Рекреативно место со чист воздух и традиционална храна.<br>Можност за рентање на велосипеди.<br>Месец Август е свадбен период во реканските села и одлична можност за привлекување на туристи. Фактот дека миграцијата е се повеќе присутна во с. Требиште, овој проект е одлична можност селото да биде повеќе препознаени, но и туристички искористено.</td><td rowspan="3">10000 евра</td><td rowspan="3">- Органски производи како планински чаеви, јагоди, боровинки.<br>- Традиционална храна со органски производи.<br>- Панорамски планински поглед.<br>- Рентање влосипеди.<br>- Поголема промоција по социјалните медиуми.<br>- Инфо табла за објектот.<br>- Патокази од еко (дрвен) материјал</td><td rowspan="3">Ханис Билали<br>Конт: 077 965 988</td><td rowspan="3">- Развој на рурален и екотуризам.<br>- Потенцијален развој на NBT туризам.<br>- Придобивки за локалното население.<br>- Придонес кон зголемен број на домашни и странски туристи.<br>- Користење биоресурси.</td></tr>
<tr><td>Традиционална храна со органски производи</td></tr>
<tr><td>Рентање велосипеди</td></tr>
</table>

Предлог Проект 9 – АДАПТАЦИЈА НА СТАРА КУЌА ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ (МОТЕЛ) ВО С. БРОДЕЦ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-економско влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изградба на мотел** | Предвидениот проект би можел да му помогне на лицето Исмаил Јумни од с. Бродец во адаптација на стара куќа која во иднина би прераснала во мотел во истоимeното село. Овој проект би можел да придонесе кон развој на NBT, доколку се користат биопроизводи, материјали исклучително од дрво и сл. Воедно, неопходна е поголема промоција, поставување на патокази, инфо табли, како и изработка на веб страна за мотелот. | 10000 евра | - Традиционална храна.<br>- Сместувачки капацитет.<br>- Инфо табли.<br>- Патокази.<br>- Веб страна. | Исмаил Јумни<br>Конт: 070 348 495 | - Развој на рурален и екотуризам.<br>- Потенцијален развој на NBT туризам.<br>- Придобивки за локалното население.<br>- Придонес кон зголемен број на домашни и странски туристи.<br>- Користење биоресурси. |
| **Традиционална храна** | | | | | |
| **Изработка на веб страна** | | | | | |





Предлог Проект 10 – ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ ВО С. ЛИСЕЦ

| **Наслов** | **Краток опис** | **Финансиска конструкција** | **Главни предвидени активности** | | **Потенцијалени имплементатори** | **Социо-економско влијание** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сместување** | Предвидениот проект е мошне значаен бидејќи објектот е веќе во функција и поседува паркинг, струја, вода и туристичка ознака. Традиционалното искачување на Титов Врв и новогодишниот базар се само дел од многуте манифестации во овој регион. Придонесот од проектот би бил моошне значаен за развој на NBT туризам во овој дел на Шар Планина. | 10000 евра | - Традиционална храна.<br>- Сместувачки капацитет.<br>- Биопрозиводи (сирење, млеко, урда).<br>- Рентање велосипеди.<br>- Јавање на коњи.<br>- Планинарски тури.<br>- Скијање.<br>- Изградба на детско игралиште.<br>- Изградба на џакузи и сауна. | | Викторијан Хајтс<br>Конт: 070329898 | - Развој на рурален и екотуризам.<br>- Потенцијален развој на NBT туризам.<br>- Придобивки за локалното население.<br>- Придонес кон зголемен број на домашни и странски туристи.<br>- Користење биоресурси.<br>- Голем број на туристички услуги и продукти. |
| **Ресторански услуги** | | | | | | |
| **Јавање на коњи, e-bike и планински тури** | | | | | | |

Предлог Проект 11 – УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ, СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТ И БИОПРОИЗВОДИ ВО С. ВЕШАЛА

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-економско влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Угостителски услуги** | Предвидениот проект нуди туристички услуги во делот на угостителството, сместувањето и биопродизводи. Истиот може да придонесе кон развој на рурален, екотуризам, како и придобивки од NBT туризмот. Селото Вешала нуди голем број на природни атракции, а самиот факт дека претставува појдовна точка кон околните планински врвови и глацијални езера на Шар Планина, говори дека станува збор за огромен туристички потенцијал. Исто така, Мухамед поседува пчеларник и одгледува пчели, па според тоа овозможува дегустација и продажба на природен мед. Објектот во кој живее, веќе го издава на туристи, а со оглед на големата побарувачка за сместување, а и за домашната храна од биопроизводи, има намера да го догради за да има поголем капацитет. | 10000 евра | - Традиционална храна од биопрозиводи (домашно млеко, јајца, зеленчук, овошје)<br>- Потреба од поддршка за поголема продажба на мед<br>- Природни сокови.<br>- Шарпланински чај.<br>- Сместувачки капацитет.<br>- Амбалажа на теглите за мед.<br>- Изготвување инвентар за продажва на мед. | Мухамед<br>Конт: 070700141 | - Развој на рурален и екотуризам.<br>- Зголемен угостителски и сместувачки капацитет.<br>- Можност за придобивки на локалното население.<br>- Поголема препознатливост и промоција на овој крај. |
| **Сместувачки капацитет** | | | | | |
| **Биопродизводи** | | | | | |







Предлог Проект 12 – ПОДОБРУВАЊЕ НА ВИДЛИВОСТА НА СЕЛО ЖИРОВНИЦА КАКО ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА – ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФО ТАБЛИ, ПАТОКАЗИ И ВИДИКОВЕЦ

| **Наслов** | **Краток опис** | **Финансиска конструкција** | **Главни предвидени активности** | **Потенцијалени имплементатори** | **Социо-економско влијание** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Угостителски (ресторантски) услуги** | Селото Жировница изобилува со огромен туристички потенцијал. Токму затоа, целта на овој проект е да се зголеми туристичката понуда во селото и да се зголеми неговата промоција. Голем недостаток е неговата слаба видливост. Поради тоа, неопходна е инфо табла пред самиот влез на селото, патокази и видиковец каде туристите ќе можат да уживаат во убавините на овој Мавровски крај. Исто така, Фаут поседува сертификат за обука за развој на рурален туризам. | 10000 евра | - Традиционална храна од биопрозиводи (домашно млеко, јајца, зеленчук, овошје).<br>- Традиционална храна (пита, валангије, бирјан итн.).<br>- Изработка на веб страница и поголема промоција на социјалните медиуми. | Фаут Далили<br>Конт: 072252420 | - Развој на рурален и екотуризам.<br>- Развој на NBT туризам.<br>- Зголемен угостителски капацитет.<br>- Можност за придобивки на локалното население.<br>- Поголема препознатливост и промоција на овој крај.<br>- Зголемен број на туристи. |
| **Биопродизводи** | | | | | |
| **Изработка на веб страница** | | | | | |



Предлог Проект 13 – СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТ И РЕСТОРАНТСКИ УСЛУГИ ВО С. БОЗОВЦЕ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-економско влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сместувачки капацитет** | Секоја недела во селото Бозовце се приготвува традиционална храна која е во изобилство на флија со сирење (локална рендана пита под сач), урда со пиперки и кисело млеко. Сето ова се служи на нова дрвена платформа која нуди прекрасен поглед. Ваквата гастро дестинација е идеална за љубителите на активниот туризам кои ги посетуваат водопадите на Лешница или околните планински дестинации. На 2 km од с. Бозовце се наоѓаат познатите Шарпланински езера Голем, Мал и Црн Ѓол кои се одлична викенд дестинација. Со оглед на постоечкиот објект на Милазим, предвидениот проект за адаптација на објектот и реновирање на истиот, би овозможил поголема туристичка препознатливост на селото, поголема посетеност, како и развој на NBT туризмот. Тој има намера да го догради и реновира објектот со исклучително биоресурси (дрво) и да нуди сместување на туристите. | 10000 евра | - Адаптација на постоечки објект со биоресурси (дрво).<br>- Реновирање на објектот.<br>- Сместувачки капацитет.<br>- Поголема промоција на социјалните медиуми.<br>- Еден патоказ пред селото Бозовце. | Милазим Рушани<br>Конт: 070817418 | - Развој на рурален и екотуризам.<br>- Развој на NBT туризам.<br>- Зголемен угостителски капацитет.<br>- Можност за придобивки на локалното население.<br>- Поголема препознатливост и промоција на овој крај.<br>- Зголемен број на туристи. |







Предлог Проект 14 – ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА РАЗВОЈ НА НБТ ВО ДОЛИНАТА НА Р. ПЕНА

<table>
<tr><th>Наслов</th><th>Краток опис</th><th>Финансиска конструкција</th><th>Главни предвидени активности</th><th>Потенцијалени имплементатори</th><th>Социо-економско влијание</th></tr>
<tr><td>Организирање на работилници за изработка на креативни бизнис идеи за НБТ.</td><td rowspan="5">Во селата во долината на Пена, голем проблем е прекумерното иселување на младите поради немање на перспектива и можности за вработување. Туризмот базиран на природните атракции и вредности, може да биде основа за намалување на иселувањето и за иден економски развој. Како клучни активности се спроведување на предавања и работилници за можностите за отпочнување на сопствен туристички бизнис, потоа за начините за финансирање и аплицирање на разни проекти, како и начини за рекламирање преку социјални медиуми, потоа преку booking, Airbnb и слични платформи. Мошне важно е да се креира мрежа на заинтересирани субјекти – даватели на туристички услуги, размена на нивните искуства, размена на идеи, заеднички настап при аплицирање на проекти (особено прекуграничните) и сл. Во тој контекст, важно е да се потенцира креирање на соодветна НВО. Исто така, важно ќе биде на работилниците да се укаже од потребата за заштита и зачувување на природата, барање на решенија за дивите депонии и сл.</td><td rowspan="5">12000 евра</td><td rowspan="5">- Подигање свест за активното вклучување во зачувувањето на животната средина.<br>- Спроведување еко акции на територијата на селата Вешала, Бозовце, Шипковица и Бродец.<br>- Мапирање на диви депонии во населените места и изработка на препораки за расчистување и спречување од создавање нови.<br>- Средби со сите релевантни институции се со цел изработка на стратегија за справување со отпадот.<br>- Организирање вебинари за локалното население за NBT туризам и неговите придобивки.<br>- Креирање и одржување веб страна, се со цел поголема промоција и зголемен број туристи-посетители.</td><td rowspan="5">Експерт по НБТ од УКИМ</td><td rowspan="5">- Едукација на населението за тоа зошто е важно да се зачувува животната средина,<br>- Зголемување на економските бенефити од туризмот и подем на севкупниот економски раст,<br>- Поголема локална соработка и подигање на јавната свест за значењето на НБТ и придобивките од него,<br>- Вклучување на младите и жените во новите бизниси базирани на НБТ.</td></tr>
<tr><td>Организирање на информативни средби со граѓани за можности за финансирање на сопствена бизнис идеа</td></tr>
<tr><td>Работни состаноци со локалните бизниси и НВО за развој на НБТ во долината на Пена.</td></tr>
<tr><td>Формирање на локален НБТ инфо-центар</td></tr>
<tr><td>Изработка на веб страна за промоција на туристичката понуда базирана на природа во областа</td></tr>
</table>

Предлог Проект 15 – ОРГАНИЗИРАЊЕ ОБУКИ И ЛЕТНА ЕКО-ШКОЛА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛОКАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-економско влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Организирање обуки за вклучување на локалното население во развој на туризмот**<br><br>**Изведување на обуки за изучување на странски јазици на вработените во туристичкиот сектор.**<br><br>**Организирање летна еко-школа** | Едукација преку обуки на населението како да комуницираат со туристите, да бидат подобри домаќини и да обезбедат дополнителни средства од туризмот. Исто така од особена важност е подигање на степенот на познавање на англискиот јазик кај туристичките работници, кој сеуште е на многу ниско ниво. Особено е неопходно запознавање и изучување на англискиот јазик за вработени во туристичкиот сектор кои воспоставуваат директен контакт со туристите.<br>Имплементација на летна еко-школа во форма на еко – село може да ги подобри знаењата на младите за зачувување на животната средина заради нејзино одржливо искористување, истовремено откривајќи ги и учејќи за животот и традицијата во руралните области. | 12000 евра | - Подигање свест за придобивките од НБТ.<br>- Организирање обуки за локалното население за НБТ и неговите придобивки.<br>- Изведување обуки за изучување на англискиот јазик.<br>- Зголемена свест за зачувување на животната средина. | Експерт по НБТ од УКИМ | - Едукација на населението за за НБТ,<br>- Изучување на странски јазици (особено англискиот),<br>- Зголемување на економските бенефити од туризмот и подем на севкупниот економски раст,<br>- Поголема локална соработка и подигање на јавната свест за значењето на НБТ и придобивките од него,<br>- Вклучување на младите и жените во новите бизниси базирани на НБТ.<br>- Оддржливо користење на животната средина. |

ОСТАНАТИ ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ

**“Да ја зачуваме традицијата“** - проект кој се фокусира на заштита и искористување на традиционалните начини на живеење и стопанисување, а во функција на промоција на руралниот туризам (може во било кој од двата НП).

**Создавање на координативно тело/кластер за развој на туризмот во НП Шар Планина и НП Маврово**. Целта на овој проект е формирање на координативно тело кое ќе има доделена задача за дефинирање и мониторинг на спроведувањето на клучните политики за развој на туризмот во двата НП.

**“Патоказ до значајните атрактивности“**. Проектот треба да опфати повеќе активности и тоа: Поставување на туристичка сигнализација до сите постојни туристички атрактивности. Означување на културно историските објекти/споменици, со соодветни табли и патокази, на македонски, албански и англиски јазик, работно време, цени и др. според ЕУ стандарди за туристичка сигнализација. Поставување на туристички информативни табли и мапи на македонски, албански и англиски јазик (по можност и на трет светски јазик) кај селектираните значајни атракции во регионот, со интересни и концизни податоци за атракцијата и приказ на квалитетни мапи (заради ориентација и планирање на патот). Користење на природни материјали и добра заштита од надворешни влијанија.

**Обука на туристички водичи, за локално и регионално ниво**. Цели: организирање на обука и преквалификација за туристички водичи, за потребите на туристичкиот развој на општинско ниво и на ниво на НП Шара и НП Маврово. Тоа е поради фактот што според законските одредби е дозволено само лиценцирани водичи да водат групи и туристи низ туристичките дестинации во РСМ.

**„Паркирај се и фотографирај“**. Изградба/реконструкција/уредување на паркинг-проширувања на атрактивни локации долж позначајните патишта, со поставување на видиковец, санитарен објект, клупи. Заради постигнување на економски ефект, можни и потребни се комерцијални содржини до паркинг-позициите, како: сувенирници, мини-ресторани и сл.

**„Рурална Куќа“.** Презентирање на бенефитите од развој на сместувачки капацитети кај населението во потенцијалните „туристички села“. Изработка на стандарди на рурални куќи според традиционалната архитектура на Шар Планина и Реканскиот регион. Изградба на нови куќи со двор и базен. Реконструкција или адаптација на постоечки селски куќи во кои не се живее, во сместувачки капацитети.

**„Нови планинарски домови “**. Реконструкција на по 3 постоечки јавни објекти и нивна пренамена-адаптација во планинарски домови. Особено потребно на Корабскиот масив и во јужниот дел на Шар Планина. Неопходност за развој на трекинг и планинарење.

**Изработка на промотивен материјал за туризмот во НП Шара и НП Маврово**. Изработка на брошури за најзначајните објекти, локалитети, обичаи, настани, со цел популаризација на истите и запознавање на домашните потенцијални туристи. Брошурите можат да содржат и легенди и приказни кои на интересен начин ќе ги доближат атракциите до потенцијалните туристи. Создавање на квалитетен промотивен материјал од типот на промотивни видеа, висококвалитетни фотографии, и нивно поставување на соодветен туристички портал и интеграција со социјалните мрежи. Поставување на овие материјали како јавно достапни, со што се отвара можноста истите да бидат употребени во промотивни цели од секое заинтересирано лице или пак фирма, нормално со претходна дозвола на имателот на овие дела. Оваа практика е покажана како успешна во многу примери и истата значително ги олеснува промотивните кампањи на туристичките агенции, хотелите, ресторантите, општините и сл.

## 6. Препораки за преземање на активности за развој на туризмот заснован врз природата при спроведувањето на проектот во периодот од 2022-2025 година

НБТ во рамките на НП Маврово и НП Шар Планина е застапен и има потенцијали главно на планинскиот масив на Кораб, Бистра, Шар Планина. Од претходните укажувања произлегуваат главните препораки за развој на туризмот базиран на природата во идниот период.

Севкупно земено, за подобрување на НБТ во двата Национални паркови, неопходни се следните чекори:

- Изработка на современи, практични и применливи стратегии за развој на туризмот во двата Национални парка;
- Обука на човечки ресурси;
- Вмрежување на заинтересираните даватели на туристички услуги и размена на нивните идеи, искуства, предлози и др.;
- Организирање на едукативни и информативни семинари и работилници, со цел да се запознае локалното население со придобивките од НБТ;
- Подобрување на туристичката инфраструктура и сигнализација;
- Дефинирање на локални и регионални туристички рути;
- Изградба на паркиралишта, камперски места со сета потребна инфраструктура и др.;
- Означување на туристичките атракции, сместувачки и угостителски објекти на Google Maps и слични глобални сервиси;
- Збогатување, проширување и подобрување на сместувачките објекти, со понуда на локални јадења, вклучувања во активности и сл.;
- Збогатување и подобрување на туристичката понуда (сместувачки и угостителски објекти, традиционална храна, туристички активности во природа и др.);
- Воведување нови и алтернативни туристички производи (кампувања во шатори);
- Зголемена туристичка промоција;
- Промоција на археолошки туризам;
- Популаризација на локалните манифестации и организирање на нови;
- Изградба на регионални депонии и организирано собирање на отпадот;
- Маркетинг и промоција на туристичките вредности и производи на двата Национални парка;
- Обезбедување на функционална планинска спасувачка служба на овие простори и функционални локални амбуланти за прва помош;
- Креирање на туристичка интернет презентација за Шар Планина и НП Маврово;
- (особено со користење на ИПА фондовите);
- Обука на планинарски и туристички водичи;
- Интерпретација на вредното природно и културно наследство пред локалните жители;
- Едукативни настани за туристите со информативни и интерактивни програми за биолошката и геолошката разновидност на националните паркови. Со ова би се подигнала свеста за важноста од зачувување на паркот и начин како туристите можат да придонесат за неговата заштита;

- Креирање на едукативни патеки со информативни табли кои можат да ги едуцираат туристите за геолошката и биолошката разновидност на парковите. Се претпочита да е на македонски, албански и англиски јазик;
- Соработка со тур-оператори со цел развој на НБТ инкоминг (дојдовен) туризам;
- Ограничен пристап на автомобили до одредени области во парковите, охрабрувајќи ги туристите да истражуваат пешки, со велосипед или тура со јавање на коњи. Ова го намалува загадувањето и нарушувањето на живеалиштата, но истовремено ја зголемува побарувачката на туристичките активности кои ги нудат двата национални паркови;
- Одржливо сместување. Една од главните препораки за развој на НБТ во националните паркови е овозможување на кампинг простор, се со цел следење на практиките за зелено „градење" и поддршка на локалните заедници;
- Управување со сместувачките капацитети. Целта е следење на бројот на посетителите. Воедно, ова би можело да ја спречи пренатрупаноста на туристите, како и минимизирање на негативните влијанија врз животната средина;
- Организирање едукативни настани за одговорноста на туристите кон дивиот свет со кој располагаат националните паркови. Од огромна важност е однесувањето, безбедноста во природа, како и да не се вознемируваат животните;
- Вклучување на НВО и локалните заедници во иницијативите за НБТ;
- Зголемена соработка со невладини организации и организации од приватен сектор да се обезбеди финансирање за понатамошни проекти за развој на НБТ;
- Мониторинг и истражување: Континуирано следење на националните паркови и понатамошни истражувања се неопходни да се процени влијанието на НБТ и човечките активности. Овие податоци се потребни за понатамошни одлуки за управување со парковите.

## 7. Заклучоци од студијата

Во овој Извештај, презентирани се сознанија за состојбата со туризмот базиран на природа (НБТ-Nature Based Tourism) во поширокото подрачје на НП Шар Планина и во НП Маврово. Според нашата анализа, во двата национални паркови, туризмот заснован на природа сеуште е далеку од посакуваното ниво, особено ако се имаат во предвид големите и неискористени потенцијали. Всушност, овде сеуште доминира тенденцијата на масовен туризам кон главните локалитети Попова Шапка на Шар Планина и Мавровското Езеро во НП Маврово. Сепак, ковид-пандемијата во периодот 2020-2022, потоа климатските промени со екстремните жештини во летниот период и силното загадување во градовите во текот на зимата, ја зголемија свеста и наметнаа потребата за што почест престој во еколошки чистите, оддалечени и диви планински предели на НП Шар Планина и НП Маврово. Воочливо е дека во последните години, интересот и тенденцијата за отворање на сместувачко-угостителски објекти и нудење на туристички активности во дивата природа се значително зголемени. Тоа јасно се согледа и за време на изработка на оваа студија, покажувајќи подготвеност на дел од локалното население по планинските села, за вклучување во тековите на НБТ.

При изработката на Извештајот (односно Студијата), користени се сите расположливи, релевантни податоци. Исто така, со цел директно запознавање со

состојбата на терен, беа изведени неколку теренски посети во внимателно избрани подрачја во двата национални парка. Особено значаен истражувачки метод при самите теренски посети, беше анкетирање и разговори со локалното население.

Планинскиот масив Кораб (заедно со Дешат и Крчин), како значаен дел од НП Маврово и како највисок во Македонија, со извонредни природни богатства (високи врвови, панорамски видици, остри гребени, длабоки клисури, големи водопади, разновиден растителен и животински свет) има огромни потенцијали за развој на разни форми на туризам базирани на природа. Со оглед дека се наоѓа во строго заштитениот дел на НП Маврово, во предвид треба да бидат пред се формите на еко и одржлив туризам: планинарење, трекинг, набљудување на природата, планински велосипедизам, параглајдинг, зип-лајн, адреналински паркови (на избрани локации), електро-сафари и сл. Меѓу главните проблеми овде е недостаток на објекти за сместување, иако во околните села има модерни и преубави куќи, кои често стојат празни (сопствениците се на печалба). Затоа, пред сè треба да се работи со населението и да им се објаснат придобивките од туризмот, а и да се изнајдат „жаришни точки“ каде ќе почне да функционира издавањето на објекти за престој (како такви веќе се појавија во селата Трница, Јанче, Галичник и Лазарополе на планината Бистра). Според нашите проценки, во селата Жировница, Нистрово, Требиште, Битуше, Ростуше, Велебрдо и др., има преку 150 современи и недоволно искористени куќи кои можат да се наменат за сместување. Само нивното искористување, значи околу 30 000 туристи годишно и приход од близу 1 милион евра! Доколку се искористат разните еко-туристички понуди и форми наведени погоре, финансиските ефекти би биле барем тројно мултиплицирани. Затоа, првите чекори треба да ги преземат локалните самоуправи, невладините здруженија и др. Инаку, најдобра форма на активирање на понудата е преку онлајн порталите, посебно преку booking.com и airbnb кои подразбираат издавање на соба или цел кат од куќа, онаква каква што е - без посебни барања за екстра услуги (јадење или сл.). Единствено е потребно надгледување на објектите од задолжено лице и промена на хигиенските средства, што пак може да биде организирано заеднички, од повеќе сопственици.

Планината Бистра е навистина уникатна по своите природни вредности: карстни полиња по билото со многу вртачи, понори и повремени езера, клисури и кањони на страните (Радика, Тресонечка Река и др.), прекрасното Мавровско Езеро, планинските пасишта и врвови. Поради тоа, Бистра привлекува многу туристи, меѓутоа туристичката понуда е главно ориентирана кон населбите покрај брегот на Мавровско Езеро и кон скијачкиот центар. Сепак, во последните години забележливи се одлични позитивни промени во понуда на нови сместувачки објекти во селата Трница, Галичник, Лазарополе, Јанче, кај манастирскиот комплекс „Св. Јован Бигорски“ и др. По наша проценка, во споменатите места веќе има 10-тина сместувачки објекти (присутни на booking, expedia, airbnb) со околу 500 легла, поголем број на ресторани и сл. Исто така, во подем се адреналинските понуди како што е јавање на коњи (кај с. Галичник), тури со велосипеди и др. Позитивност во тој правец е и неодамнешната (2022-2023 година) реконструкција и обновување на асфалтниот пат Маврово-Дебар. Инаку, Бистра има можности и убавини за гости во текот на целата година, но за такво нешто, неопходна е диверзификација на туристичките услуги и различни форми на понуда. Овде има одлични услови за трекинг, селски туризам, јавање на коњи, параглајдинг, планински

велосипедизам, набљудување на природата, адреналински спортови и адреналински-паркови, посета на пештери (Шаркова Дупка, Алилица и Калина Дупка) и сл.

Долината на Радика и нејзините притоки е една од најживописните во Македонија. Овде има можности за развој на трекинг туризмот, планинскиот велосипедизам, алпинизам на повеќе локации, извиднички туризам, потоа риболовен туризам покрај Радика, јавање на магариња и на коњи и сл. Освен напори за создавање на сместувачки капацитети, потребно е да се означат сите атрактивности, да се направат паркинг места со добри видиковци и сувенирници, а особено добро би било ако има услови за создавање на еко-камп и еко-автокамп. Со оглед дека станува збор за најзначаен простор на НП Маврово, особена грижа треба да се води за заштита и зачувување на животната средина.

Во делот на НП Шар Планина, веќе постојат голем број на угостителски капацитети од локални кафеани и чајџилници, до модерни ресторани со интернационална храна. Според податоците од општините најголем капацитет имаат ресторанитe и кафе баровите/чајџилници во регионот, а веднаш зад нив се пицериите и објектите за брза храна. Бројот на угостителските објекти во овој регион е во постојан пораст, што укажува на зголемената побарувачка, но и на зголемените инвестиции во туризмот, во овој дел. НБТ е идентификуван како потенцијал за развој во сите општини од регионот. Најголемите предности за развој на НБТ се големиот број на населени места во подножјето на Шар Планина, сеуште висок процент на младото население во голем дел од нив, постоењето на патна инфраструктура и основната комунална инфраструктура, а од друга страна огромни природни потенцијали (реки, езера, водопади, пејзажи, разни видови шума, многу патеки низ природата, планински врвови и висови над 2000 m, културни обележја на регионот со специфична селска архитектура, културно-историски споменици, специфични традиции, сувенири, традиционални јадења. Во регионот постојат голем број на туристички патеки за пешачење, велосипедизам, планинарење. Дел од овие патеки се расчистени благодарејќи на напорите на локалното население и некои НВОи, додека поголемиот дел се необележани и нерасчистени. За многу мал дел од патеките постојат патокази, кои се резултат на одредени проекти, додека за останатите е потребен водич. Туристичките патеки претставуваат голем потенцијал за развој на руралниот туризам. Затоа нивното уредување, одржување и соодветна промоција е неопходно за да бидат понудени како дел од туристички производ. Планинарските домови се вториот сегмент од проектите за рурален развој. Во минатото постоеле повеќе планинарски домови, а имало и тренд за изградба на нови. Некои од нив денеска се целосно руинирани, а некои во очајна состојба каде се потребни поголеми зафати за реновирање.

Исто така, дадени се 10-тина сопствени предлог проекти за кои сметаме дека може дополнително да ја подобрат понудата и посетеноста на НП Шара и НП Маврово, како и да помогнат во локалниот економски развој на овие слабо развиени, емиграциски и депопулациски подрачја.

## 8. Литература

1. Постигнувањето на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето (2022): План за управување со Националниот парк Шар Планина за периодот 2022 – 2031 година.
2. Меловски et al., (2009): Студија за валоризација на природните вредности на Шар Планина и проценка на нивната пазарна вредност – завршен извештај. Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, стр. 1-186, Скопје.
3. Achieving biodiversity Conservation through Creation and Effective Management of Protected Areas and Mainstreaming Biodiversity into Land Use Planning. (2020): Study of valorization of Shara Mountain. DUT with UNEP.
4. Друштво за еколошки консалтинг„ДЕКОНС-ЕМА“ со група автори (2020): Социо-економска студија за предлог заштитено подрачје НП Шар Планина.
5. IPA CBC 2014/351-547: "Tourism - Open Door for Cross-border Cooperation". Студија за туристичко искористување на природните вредности на Општина Гостивар и Маврово и Ростуше, ИДЕА ОК, Скопје, 2014-2016.
6. Македонско Еколошко Друштво со група автори (2011): Проект за развој на Националната еколошка мрежа (МАК-НЕН).
7. ЕПИ Центар Интернационал (2010): Студија за развој на туризмот во Шарпланинскиот регион - Скопје.
8. Oxfam Italia со група автори (2011): Студија за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово.

## АНЕКСИ

| Табела 1: Природни атракции во НП Шар Планина | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Име | Опис |
| 1. | Попова Шапка | На надморска височина од 1700 m сместен е нашиот најстар и најпознат планински туристички центар Попова Шапка, кој претставува еден од најубавите скијачки предизвици не само во Македонија, туку и во регионот. |
| 2. | Врв Љуботен | Љуботен е планински врв висок 2498 m, прв на главното било и срт на Шар Планина, сместен на самата македонско-косовска граница. Иако не е највисок врв на Шара, поради своите црти и поради издвоеноста од другите, тој е највпечатлива шарпланинска точка и еден од најубавите врвови на Шара. |
| 3. | Титов Врв, Бакрдан и Мал Турчин | Шар Планина „може да се пофали“ со 3 врва над 2700 m, и тоа највисокиот – Титов Врв, со 2748 m, потоа Бакрдан со 2704 m и Мал Турчин, со 2702 m. Трите врва се поставени во вид на триаголник, меѓусебно раздалечени само 1-1,5 km. Просторно гледано, две третини од високите врвови на Шар Планина се наоѓаат на главното планинско било на границата со Косово, а останатите најмногу се сконцентрирани во подрачјето околу Титов Врв. |
| 4. | Врв Јелак | Јелачки Црн Врв (1890 m) се наоѓа на север од Попова Шапка во близина на поранешниот планинарски дом Јелак. Од врвот се отвора прекрасен поглед кон средишниот дел од Шар планина. |
| 5. | Врв Караниколица | Караниколица е планински врв на Шар Планина, составен дел на Шар Планина и неговата височина е 2409 m. Врвот се наоѓа северозападно од градот Тетово, на границата со Косово. Неговата местоположба се наоѓа токму на средишниот дел на главниот срт на протегање на Шар Планина, речиси на половината на неговото протегање недалеку од местото каде го менува правецот на протегање од северозапад кон југ, а на неговото јужно подножје на македонска страна се наоѓаат преубавото Караниколичко Езеро и Мал Ѓол. |
| 6. | Врв Бориславец | Бориславец (позат и како Бриставец) е планинскиот врв на Шар Планина (2675 m). Се наоѓа во вториот дел на Шар Планина на пределот меѓу масивот Рудока и гребенот на највисокиот шарпланински врв Шар (Титов Врв). Веднаш под Бориславец минува патеката за планински велосипедизам „Шарски Води“. На северното подножје на врвот се наоѓаат Белото и Боговинското Езеро, а на јужното Црното Езеро и изворишниот дел на долината на реката Маздрача. |
| 7. | Врв Голема Враца | Голема Враца е планинскиот врв, составен дел на Шар Планина и неговата височина е 2582 m. Се наоѓа на јужниот дел на нејзиното главно било, односно срт по кој се протега македонско-косовската граница. Голема Враца е величествено висок врв, претпоследен од највисоките врвови над 2500 m, по редот на протегање на главниот шарски срт, кој многу стрмно и грамадно се издигнува над долината и изворишниот дел на Маздрача над Полог од источната македонска страна и висорамнината Шутман од западна косовска страна. |
| 8. | Врв Кобилица | Планинскиот врв Кобилица (2528 m) се наоѓа во централниот дел на главниот шарплaнински срт кој ја формира македонско- |

| | | |
|---|---|---|
| | | косовската граница. Познат е по својота остра пирамидална форма и карпестиот гребен Трескавец на западната страна од врвот. Кобилица во целина плени со својата убавина и правилна форма а кај планинарите влева и стравопочит со неговите остри и карпести страни. Го нарекуваат уште и Тетовски Матерхорн, како споредба со познатиот Матерхорн на Алпите. Северната и јужата страна на врвот се премогу стрми, а искачувањето од западната карпеста страна е можно само со алпинистичка опрема, во погодни временски услови. Исклучително опасно е искачување во зимски услови заради можноста од лавина или лизгање. |
| 9. | Врв Плат | Врвот Плат е највисоката точка на истоимениот гребен кој се протега во правец североисток - југозапад и стрмно се издигнува над долините на реката Пена на север, Ципашина или Чаркова на исток и Лешничка на југ. Врвот Плат меѓу планинарите, туристите и посетителите на Шар Планина е познат како најубавата точка за сликање поради прекрасните глетки на стрмната долина Лешница, целата долина на Пена, врвовите Среден Камен, Шар или Титов Врв, Казаниште, Караниколица и пределите Церипашина планина и Брезов Камен. Истовремено, стрмните падини под сртот од странски скијачи се оценети како најдоброто место за екстремно скијање надвор обележани од ски-патеки. |
| 10. | Врв Џинибег | Овој планински врв (2610 m) е еден од поатрактивните и поискачувани врвови од страна на планинарите. Од врвот Џинибег започнува клисурата на реката Пена, која завршува на спустот во Тетово. |
| 11. | Доброшки Врв | Атрактивен, но слабо посетуван планински врв на Шар Планина. Од Доброшки Врв (2370 m) се отвора поглед кон Љуботен, Пирибег, Езерски Врв, Црн Врв и Ливадички Врв и Чаушица. |
| 12. | Езерски Врв | Езерски Врв (2580 m) се наоѓа на главното било во почетниот дел на протегањето на главниот срт на Шар Планина, при што претставува шести врв, а често воопштено се смета како трет поглавен врв на Шар Планина. Претставува карпест врв чија цела површина е покриена со сипари од големи кршени камења и карпи, поради што неговото искачување и стоење на него се доста тешки и опасни. Наречен е со името Езерски бидејќи од двете страни на неговите подножја се наоѓаат по две леднички езера и тоа Доброшките односно Горното и Долното Доброшко Езеро на македонската источна страна страна и убавото и длабоко Големо Јажинско Езеро и Мало Јажинско Езеро, додека и малку понастрана кон Езерска Чука се наоѓа и езерото Црн Вир на косовската западна страна. |
| 13. | Геолокалитет Лешница | Геолокалитетот Лешница е најмаркантна долина на Шар Планина. Се наоѓа во средишниот дел на Шар Планина во пределот на највисоките шарски врвови, помеѓу врвовите Среден Камен и Плат. Се дели на Долна Лешница на надморска височина од 1450 m и Горна Лешница од 2221 m надморска височина. |
| 14. | Планински локалитет Три Води | Три Води е привлечна планинска месност на Шар Планина. Сместен е во северниот дел на масивното планинско било на Шара, на надморска висина од околу 1320 m. Од Три Води се гледа Доброшки Врв. |
| 15. | Долина на Кривошијска Река | Кривошијска Река е кратка (3,5 km) десна притока на реката Пена во еден од најубавите предели на Шар Планина, познат како Лешница. Нејзиното извориште е на 2200 до 2300 m надморска височина во циркот Кривошија, западно од Титов Врв (2747 m). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Најголем дел од водата во изворите на рекичката потекнува од врнежите и топењето на снегот во циркот. Целиот пејсаж во изворишниот дел е преубав, со истакнати остатоци од некогашната глацијација. Тука е маркантниот цирк широк 1,5 km, со големи карпести отсеци по страните, потоа неколкуте моренски бедеми кон „излезот" на циркот (на север), а нешто пониско се огромните отсеци на Лешница. Само неколку стотици метри низводно од водопадот Горно Цкало, при помал проток (од јули до септември), Кривошијска река понира во огромните наноси од сипарски материјал, натрупани со кршење и распаѓање на карпите на долинските страни. Овде е можеби највпечатливиот дел на долината, па и на Лешница, со стрмни, речиси вертикални страни високи и до 600 m. На карпите по страните се забележуваат различни денудациски форми во вид на остенци, карпести прозорци, подкарпи, потоа поткапини, мали пештери, огромни искршени блокови, купови од помали парчиња и сл. |
| 16. | Долина на реката Бистрица | Бистрица е краток планински водотек (18,8 km; од тоа 12,6 km до излезот од планината), чие извориште се наоѓа на околу 2300 m надморска височина, во еден простран цирк со пречник од 1,5 km, познат како Бистрички цирк. Од овој изворишен, цирков дел на долината на Бистрица, низводно и кон североисток, до височина од 1700 m, долината добива профил во форма на „U", јасно укажувајќи дека станува збор за остаток од глацијален валов. Уште пониско и низводно, долината на Бистричка Река е длабоко всечена и со стрмен пад, што условило формирање на бројни брзаци, водопади (високи до 11 m) и мали слапови. Покрај главната река Бистрица, во овој дел е интересна и нејзината притока Чаушичка Река, на која исто така има бројни водопади, високи до 8 m. Значи, долината на Бистрица над 1700 m има глацијален и перигласијален карактер, а теренот е покриен со тревна и жбунеста вегетација. Интересно е што низ долината има доста извори, кои главно функционираат преку цела година и од кои се формираат бројни планински потоци. |
| 17. | Долина на реката Габровница | Реката Габровница (14,5 km; од тоа 7,8 km до излезот од планината) е на североисток од Теаречка Бистрица, со извориште кое се наоѓа во пространт цирк (Доброшки или Езерски цирк) на 2300 m надморска височина. Нејзиниот десен – изворишен крак, поради тоа што истекува од глацијални езера, се нарекува Езерска Река. Слично како Бистрица, и Габровница е мошне длабоко всечена во цврстите гранитоидни карпести маси. Особено стрмен е делот над 1500 m надморска височина, каде има голем надолжен пад, со бројни водопади и слапови. Најголемите слапови се пред вливот на Езерска Река и достигнуваат вкупна височина до 40 m. Во највисокиот дел на Габровница т.е. Езерска или Добропка Река има јасно присуство на траги од плеистоцена глацијација во вид на два цирка и повеќе помали (секундарни) циркови. Посебно атрактивни во овој простор се двете споменати езера, односно Горно и Долно Доброшко Езеро, кои се наоѓаат на височина помеѓу 2270 и 2320 m. |
| 18. | Водопади на Камењанска Река | Камењанска Река е краток планински водотек (9 km) кој извира под Карабунар на надморска височина од околу 2000 м. Низводно од с. Јеловјане па до селото Камењане, во должина од околу 2 km, Камењанска Река длабоко и стрмно се всекла во овој дел на Шар Планина, изградувајќи кратка, но атрактивна клисура. Овде, на |

| | | |
|---|---|---|
| | | кратка должина, реката изградила бројни брзаци и водопади. Поконкретно, станува збор за девет поголеми (високи од 3 до 13 m) и бројни помали водопади кои скалесто се редат еден над друг, во должина од 1,5 km. |
| 19. | Водопад Горно Цкало | Поради големиот надолжен пад, долж течението на Кривошијска Река се јавуваат повеќе водопади и еден слап. Така, околу 1 km низводно од извориштето е првиот покарактеристичен водопад кој се нарекува Кривошијски водопад или Горно Цкало. Се наоѓа на 1880 m надморска височина, а вкупниот пад му изнесува 14 метри (9 m + 5 m). Водата е студена, а нејзината температура обично е околу 10-12 степени Целзиусови. Интересно е што без оглед на релативно малиот проток, водната завеса преку карпата е широка 2-3 m и се распрснува во бројни ситни капки кон подножјето. |
| 20. | Водопад Долно Цкало | На околу 1 km низводно од водопадот Горно Цкало, Кривошијска Река повторно избива на површината и преку серија од брзаци доаѓа до големиот Кривошијски слап (Долно Цкало). Слапот се наоѓа на надморска височина помеѓу 1550 и 1600 m и се состои од вкупно 6 водопади. Истите се лесно достапни по уредената и означена патека која започнува од шумскиот пат во близината или од Долна Лешница. Посебно возбудлив е горниот водопад висок 11,2 m (6,7+4,5 m) чија вода паѓа во кружно издлабена карпеста сала, создавјќи голем базен (џиновски лонец) на дното. |
| 21. | Боговинско Езеро | Боговинско Езеро се наоѓа помеѓу врвовите Бристовец (2675 m) и врвот Мала Смрека (2436 m). Езерото е сместено во валовската долина и се наоѓа на надморска височина од 1936 метри. Зафаќа површина од 66880 $m^2$, со која е најголемо глацијално езеро на Шар Планина, а воедно и најголемо во Македонија. Езерото со вода се храни од топење на снегот како и од повеќе потоци, а водата ја губи преку испарување и истекување. Од езерото истекува Езерска Река, изворна река на Боговинска Река. |
| 22. | Кањон на Боговинска Река | Кањонот на Боговинска Река е еден од најатрактивните кањони за спортски-рекреативен риболов. |
| 23. | Долина на реката Маздрача | Спаѓа меѓу поголемите и првите леви притоки на Вардар во Полошка Котлина. Извира во месноста Венец, во јужниот дел на Шар Планина во масивот под врвовите Мала и Голема Враца, на надморска височина од 2250 m, а се влева во Вардар наспроти село Волковија на 470 m надморска височина. Долга е 24,5 km и има пад од 1780 m. |
| 24. | Црно Езеро | Црно Езеро се наоѓа јужно од врвот Бристовец (2675 m). Сместено е во маркантен цирк (амфитеатрална релјефна форма - длабнатина) на надморска височина од 2170 m. Зафаќа површина од 33520 $m^2$ и претставува второ глацијално езеро по големина на Шар Планина. Со вода се храни од топење на снегот и од неколку извори кои се наоѓаат на јужниот крајбрежен дел. Водата ја губи од испарување и од истеката, од која истекува реката Матени, лева притока на реката Маздрача. |
| 25. | Бело Езеро | Бело Езеро се наоѓа на надморска височина од 2280 m. Езерото е сместено во цирк (амфитеатрална релјефна форма - длабнатина), кој се наоѓа југоисточно од врвот Трпезница (2610 m). Белото Езеро има елипсоидна форма и зафаќа површина од околу 18.000 $m^2$ (четврто по големина на Шар Планина). Во северозападниот дел на езерото се наоѓаат неколку извори, кои се слеваат во езерото. Од езерото истекува Белоезерска Река која се влива во Боговинско Езеро. |

| | | |
|---|---|---|
| 26. | Големо Караниколичко Езеро | Големо Караниколичко Езеро е трето според површината која ја зафаќа (26240 m²) и прво според длабочината од 5,6 метри е Големото Караниколичко Езеро. Тоа се наоѓа во еден од најпристапните циркови на Шар Планина, на падините на Караникола, на надморска височина од 2180 метри. Ова езеро располага и со најтопла вода во текот на летните месеци чиј што индекс е над 18°C, а често дури и до 23°C. Бидејќи нема површинска притока со вода се храни од сублакустриски извори и врнежи, а за време на висок водостој добива површинска отока чие корито е всечено во моренски материјал. |
| 27. | Мало Караниколичко Езеро | Мало Караниколичко Езеро (познато и како Мал Ѓол) е едно од глацијалните езера на Шар Планина. Езерото се наоѓа во сливното подрачје на реката Пена на надморска височина од 2.288 метри, северозападно од Кривошијското Езеро. Басенот му е карпест и има крушковидна форма. Има површина од 7610 m². Се карактеризира со бистра вода, но на дното е матна. Иако нема приливи, езерото никогаш не пресушува. Кога има голем водостој водата се одлива преку карпесто влабнатото корито. Од ова езеро како истека се создава Караниколичка Река, која како лева притока на Пена се влива кај селото Вешала. |
| 28. | Езеро Црн Ѓол | Црн Ѓол е мало ледничко езеро едно од 27-те на Шар Планина. Се наоѓа на 2240 m надморска висина. Има површина од 3640 m², а длабоко е половина метар. Басенот му е карпест, а при повисок водостој се одлива. Езерото е делумно загадено поради неистекувањето. |
| 29. | Кривошијско Езеро | Езерото се наоѓа источно од врвот Турчин (2702 m) на надморска височина од 2237 m. Кривошијско езеро со површина од 15540 m², во централниот дел на циркот, е едно од преку 20-те глацијални езера на македонската страна на Шар Планина. Езерото се одржува од неколку притоки, а се одлива преку истек што понира кон споменатите извори. Сочуваните траги укажуваат дека езерото во минатото било пошироко и подолго, но сега е во фаза на изумирање. |
| 30. | Горно и Долно Доброшко Езеро | Името го добиле по селото Доброште, кое се наоѓа во самото подножје на планината. Горното Доброшко Езеро е помало, со површина од 1280 m². Се одликува со многу бистра и студена вода, чија проѕирност се должи на протечноста на водата која се влева и истекува од него, како и од каменестата околина и дно. Веднаш над него извира, а воедно и низ него протекува изворишниот дел на Езерска Река. Долно Доброшко Езеро има површина од 3.760 m². Со вода се храни од атмосферските врнежи, потоа од Езерска Река и неколку помали поточиња, а водата ја губи преку истеката Езерска или Доброшка Река, потоа преку понирање во моренските седименти и со испарување. Сепак, во сушни години, кон средината на летото при многу високи температури, ова глацијално езеро речиси целосно пресушува. Веднаш под големиот цирк и под езерата, до височина од околу 1800 m, долината има валовски карактер, со бројни остатоци од странични и пробиени челни морени. |
| 31. | Извор на реката Вардар | На работ на Полошката котлина се наоѓа селото Вруток. Познато по изворот на Вардар, истоимената хидроцентрала и специјализираните рибни ресторани со калифорниска пастрмка. Како туристичка атракција, преставува една модерна селска населба со огромен потенцијал за еко туризам. Веднаш до селото |

| | | |
|---|---|---|
| | | се наоѓа изворот на најголемата Македонска река Вардар (388 km). Друг податок е зачуван и во списите на Мехмет-паша. Тука се наведува дека во 1608 година се споменуваат воденици. Името Вруток е добиено по самиот извор на Вардар. Исламски објекти се Џамија, Бектешиско теќе и Шелериско теќе. Во Вруточките рибници за прв пат била створена Златната Пастрмка, а подоцна и Сребрената, за сите гурмани кои дошле да ја посетат оваа туристичка атракција. |
| 32. | Клисурата на реката Пена | Клисура на Пена претставува една од најзабележителните и најдлабоки клисури во Македонија. Всечена е во средишниот дел на Шар Планина, во должина од 22 km. Започнува од месноста Џинибег, западно од Титов Врв (2747 m), а завршува кај Тетово, од каде што Пена добива рамничарски карактер до вливот во Вардар. |

| **Табела 2: Културни атракции во НП Шар Планина** | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Име | Опис |
| 1. | Лешочки манастир | Лешочки манастир е православен манастирски комплекс, кој претставува најголем духовен центар во Тетовско. Манастирот е сместен во природен амбиент во близина на селото Лешок, на надморска височина од 610 m. Во комплексот се наоѓаат црквите „Св. Атанасиј“ и „Св. Богородица“, како и гробот и спомен собата на Кирил Пејчиновиќ кој е еден од најпознатите македонски преродбеници од XIX век. |
| 2. | Арабати Баба Теќе | Арабат Баба или Серсем Али Баба теќе претставува дервишко теќе кое се наоѓа на излезот од Тетово кон Гостивар, во подножјето на планината Шара. Теќето е изградено во втората половина на 18 век од Реџеп паша и неговиот син Абдурахман паша кои се спомнуваат и во врска со изградбата на Шарената џамија во Тетово, како и Тетовското кале. |
| 3. | Шарена џамија | На десниот брег на реката Пена во градот Тетово во XV век е подигната џамија. Крај неа е Турбето на анамата Хуршиде. Џамијата е значајна по своите внатрешни и надворешни сликарски декорации. Особено е живописана јужната страна која се гледа од главниот пат што води кон Гостивар. Во составот на овој амбиент, се наоѓа и зачуваниот Чифте амам, во кој денес е Уметничката галерија, како и конаците претставуваат интересна урбанистичка целина. |
| 4. | Дом на Културата „Ило Антевски-Смок” | Во Тетово е лоциран дом на Културата „Ило Антевски-Смок” кој е изграден врз темелите на Чаршиската Џамија во 1975 год. Во овој дом паралелно се развиваат културата на сите националности кои живеат тука и тоа преку разни активности како музички активности, драмски, литературни и др. |
| 5. | Тетовско Кале | Тетовско кале или Балтепе - тврдина и значајно археолошко наоѓалиште која се наоѓа на врвот на Балтепе, веднаш над Тетово на 2 km од градскиот центар. Самото наоѓалиште во археолошки поглед претставува утврдена градска населба од доцноантичкото време и средниот век. |
| 6. | Турска бања | Чифте амам (Бегов амам или Хуршиде амам) е поранешен турски амам во градот Тетово, денес дом на Уметничката галерија на градот. Се вбројува меѓу најголемите знаменитости во градот и прогласен е за културно наследство на Македонија. Амамот е класичен пример за османлиската архитектура. Изграден е на |

| | | |
|---|---|---|
| | | левиот брег на реката Пена на крајот од XV до почетокот на XVI век и сместен спроти Шарената џамија, на патот од Тетово за полошките села. |
| 7. | Црква Св. Никола | Свети Никола е македонска православна црква во Тетово. Се наоѓа во градската населба Колтук, во горниот дел на градот. Таа е главна парохиска црква на Четвртата тетовска парохија. |
| 8. | Црква Св. Кирил и Методиј | Свети Кирил и Методиј е црква во стариот дел на Тетово е еден од најубавите православни храмови во Полошкиот Регион и седиште на Тетовското архијерејско намесништво. Изградбата на црквата е започната во 1903, завршена 1918, а осветена на 12 јуни 1925 година. |
| 9. | Најмалиот етно музеј во светот | Интересна културна пикантерија во потшарпланинскиот регион е „Најмалиот етно музеј во светот“, кој се наоѓа во село Џепчиште. |
| 10. | Конакот на Мехмет Бег | Конакот на Мехмед бег од првата половина на XIX век, со станбена содржина е предмет на семејството „Палоши“ познат како Конак од Мехмед бег. Објектот се наоѓа во центарот на градот Тетово и има импресивен монументален комплекс, заедно со шарената џамија, Чифте Хамам и Пашиниот мост кај реката Шкумбин. Влезот на станбена површина е југо-исток преку комотен хајат. |
| 11. | Мостот на топчиите | Во отсуство на пишани документи, не е познато точното време на изградба на мостот на топциите. Врз основа на техниката на градба и својот изглед се претпоставува дека е изграден на крајот на 15 или на почетокот на 16 век. Техниката на овој мост е совршена. Изграден е од страна на локални занаетчии. Изграден е со камен (бигор) и многу е добро изработен.Овој мост е сеуште во функција и ги поврзува двете страни на градот. |
| 12. | Колтук маало, Две Бреста | Типична населба со тесни улички, со неколку стари куќи, комбинација на старото и новото. |
| 13. | Калето во Ораше | Град(иште) Собри (или Орашко Кале) - рударска и гранична тврдина и регионално средиште во атарот на селото Оращје, Тетовско. |
| 14. | Етно-музеј во Џепчиште | На пет километри од Тетово, во приватна викендичка во селото Џепчиште, се наоѓа мал етно-музеј, со експонати кои датираат од VIII век п.н.е. до XX век. Во внатрешноста има место само за еден посетител. Експонатите се изработени од различни материјали (керамика, бакар, железо), а поставката ја збогатуваат експонати, кои ги донеле Македонци и Албанци, жители на овој крај. Музејот има амбиција да се запише во Гинисовата книга на рекорди како најмал етно-музеј во светот. |
| 15. | Конак на Халим Паша Дерала | Конакот на Халим Дерала претставува репрезентативен објект кој те фасцинира со неговиот надворешен изглед. Традиционалната синтакса на изградбата на европските елементи кои, како модерни од запад, навлезаа на територијата на Македонија во средината на 19 век, овој објект го направија единствено уметничко достигнување. Зградата била изградена во почетокот на 19 век. |

| **Табела 3: Туристички активности во НП Шар Планина** | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Име | Опис |
| 1. | Параглајдинг | Застапена активност на Шар Планина и доста популарна. Оваа активност не е организирана, тоа значи дека нема официјално обележани стартни, целни и контролни позиции. На Шара изминативе години се организираа неколку натпревари, но во импровизирани |

| | | |
|---|---|---|
| | | услови, односно изработени позиции кои функционираат само за време на натпреварот. Досегашни локации кои се користеле на параглајдинг се регионот на Љуботен, регионот на Доброшки Врв, позициите над градот Тетово – Стрмо, Кале и Релеј, регионот на Попова Шапка и позициите над Гостивар – Јеловце. |
| 2. | Horse hiking | Активност која започна во 2018 година, а опфаќа планинарење до одредена дестинација со придружба на седлан коњ кој ги носи ранците на членовите на групата, со можност за периодично јавање. За практикување на оваа активност потребна е организација, односно група која ги одгледува и која работи со коњите и водич на коњите. Патеките/подлогата по која треба де се движат коњите треба да е погодна, имајќи ги предвид стрмнините. За сега оваа активност се практикува на регионот на Јелак, во околина на планинарскиот дом. |
| 3. | Horseback riding | Активност која започна да се практикува минатата година (2021), а опфаќа класично јавање коњи, со панорамски прошетки. Се практикува во рамките на центарот Попова Шапка и во околните планински населени места и локалитети (Бозовце, Вешала, Вејце, Јелак, Лешница). |
| 4. | Планинарење | Планинарењето масовно се одвива на Шар Планина во текот на целата година. Како активност, многу позастапено е во периодот од мај до октомври. Географски поделено, може да се издвојат региони каде планинарењето е повеќе или помалку застапено. |
| 5. | Планинско Трчање (Sky race) | Планинското трчање е нова активност на Шар Планина која ретко се практикува, а до сега се одвива како организиран настан/натпревар во планинско трчање. Како региони кои до сега се користеле за оваа активност се регионот на Попова Шапка со Церипашина и врвот Титов Врв и регионот на Љуботен и Ливадица. |
| 6. | Кампување | Кампувањето како активност се користи на Шар Планина; актуелно и масовно е кога се случува некој организиран настан и тогаш кампот се поставува на традиционални излетнички локалитети, над 2000 m н.в, во близина на глацијалните езера и извори. Како места за повеќедневно кампување или излетнички места се користат следните локалитети: Љуботен (во близина на планинарскиот дом), Три Води, Лешница, Попова Шапка и во околината на Боговињско Езеро. |
| 7. | Зимско кампување | Се практикува користење на камп, поточно ноќевање во шатори, на веќе одредени камп локации. Досегашни локалитети каде се практикува кампување во зимски услови се: Јелак, Лешница и Љуботен. |
| 8. | Планински велосипедизам | Активност која досега е практикувана на Шар Планина и најчесто практикувана од поединици, групи кои произволно си ги одбирале патеките за возење. Најчесто се користени широките земјени патишта кои на Шара се отворени за различни цели. Еднаш годишно се случува и организиран настан во планински велосипедизам кој се одвива на релација на земјениот пат, кој го прати каналот „Шарски Води“. Најпогодни региони и локалитети за планински велосипедизам се: Вратница – Љуботен – Старе Село – Рогачево; Теарце – Брезно – Три Воде – Лешок; Лешок – Варвара; Тетово – Попова Шапка – Лешница – Бозовце – Бродец; Попова Шапка – Вакуф – Титов Врв или Боговињско Езеро; каналот Шарски Воде и Горно и Долно Јеловце. |
| 9. | Алпинизам | Алпинизмот како активност во летни услови не се практикува на Шар Планина или се практикува многу малку. Како алпинистички локалитет на Шара, значајна е Лешница и Лешничките Карпи. Поради комплексноста на активноста и големата организација, потребно е |

| | | |
|---|---|---|
| | | детално проучување на можни алпинистички насоки на пределите на Шара. |
| 10. | Спелеологија | Ваков вид на активности, воспоставени се во гостиварскиот регион на Шар Планина и се организирани од локалното спелеолошко друштво. Истражувања се направени и на уште неколку пештери на Шара, од кои најзначајна е пештерата под Караниколичко Езеро, но потребни се уште истражувања и секако обуки од оваа област. |
| 11. | Движење со дрезги (snow shoes) | Движењето со дрезги (snow shoes) е доста атрактивна активност која најчесто се практикува во рамките на ски-центрите. На целиот масив може да се практикува движење со дрезги, но најзначајни се местата обележани на мапата. На Шар Планина најчесто посетувани места со дрезги се околината на Попова Шапка, Јелак, Лешница, Караникола и Љуботен. |

| **Табела 4: Некои позначајни сместувачко-угостителски објекти на Шар Планина** | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Име | Опис |
| 1. | „Конак“ – Попова Шапка | „Конак“ Попова Шапка е модерен планински објект базиран на традиционален изглед совршен за Вашиот одмор. Сместен е на Шар планината во скијачкиот центар Попова Шапка на 1760 m нв. Поволната географска положба релативно блиску до Тетово на 18 км и Скопје 55 km главниот град на Македонија го прави да го посетат голем број туристи и во летната и во зимската скијачка сезона. Особено задоволство ќе Ви овозможи ентериерот на објектот во комбинација на дрво и камен со камин и отворен поглед на скијачките терени. На платото пред објектот се наоѓа голема тераса која има јужна ориентација и доста погодна за престој во текот на зимската сезона поради големиот број сончеви денови кои се главна одлика на скијачкиот центар Попова Шапка. |
| 2. | Белојшки Бисер | Белојшки Бисер се наоѓа во селото Беловиште, на 20 km од Тетово, кон граничниот премин Јажинце, во непосредна близина на излетничкото место Петачко Водиче, на самиот пат кој води до Петачко Водиче од левата страна. Во близина на ресторанот има прекрасна природа, извор со лековита вода, манастир, мала црквичка, водопад и уште многу работи кои вреди да се видат ви оставаме самите да откриете. |
| 3. | Ресторан Бела Виста (Bella Vista) | Ресторанот Bella Vista во Беловиште, Тетовско, нуди комфорт за 160 гости. Обиколен со сопствен паркинг во зелена површина, ресторанот плени со својата убавина и душа. Исто така претставува своевиден ресторан – музеј во комфорт на амбиенталната градба. Терасата на ресторанот има прекрасен поглед и гарантира уживање во прекрасни мигови и прекрасно жуборење на Беловишка река. Убав поглед на полошката котлина од каде доаѓа и називот на самиот ресторан Bella Vista,стариот назив на с. Беловиште. |
| 4. | Ресторан Плаја Виста | Плаја Виста, ресторан во срцето на село Сиричино, Тетово со класичен интериер во топли бои и пријатна атмосфера. Во вечерните часови, добредојдени сте да уживате во најдобрите кулинарски специјалитети, а секој викенд вашата вечера е придружувана со жива музика. |
| 5. | Ресторан Панорама | Лоциран во прекрасната околина во село Вруток, изобилува со најдобра панорама на природата. Секогаш со изборот на највкусната храна, особено со подготвување на сите видови на |

| | | |
|---|---|---|
| | | риба, со текнато огромно искуство и авторитет со кои денес се синоним за вкусна храна. Капацитетот на гости е до 30 маси (200 луѓе). |
| 6. | Хотел Скардус | Хотел Скардус се наоѓа во најубавиот дел на Шар Планина, на само 18 km од градот Тетово. Хотелот е идеално место за поминување на авантура, празници, семејни одмори, групи и корпоративни програми, деловни настани, како и идеално место за оние кои ја обожаваат природата и спокојството. Тој нуди релаксирачка и прекрасна панорама на идилична зима и сите годишни времиња. Луксузниот хотел со 4 ѕвезди ви нуди висококвалитетни услуги кои нудат капацитет од 140 кревети организирани во стандардни соби, апартмани и Вип апартмани. Хотел Скардус исто така организира тури со снежни средини за своите клиенти. Турите можете да ги проверите на нашата Фејсбук страница. Овие тури се во организација на Shar Outdor. Хотелот располага со 35 соби од кои 18 се стандардни (двокреветни или еднокреветни), 6 семејни соби (Junior Suite кој поседува бања, двокреветна соба, кујна и дневна соба), 9 апартмани (со бањи, две спални соби, кујна и дневна соба) и 2 Вип апартмани со четири соби, соба за забави, кујна, сауна, џакузи и минибар, наместен наместен со највисоки нивоа на удобност и квалитет. |
| 7. | Хотел Арена | Хотел и Спа Арена се наоѓа на познатиот македонски скијачки центар Попова Шапка во Тетово, Македонија. Хотелот е многу блиску до скијачките патеки и е идеален за скијачи. Друга одлична можност се познатите Шар Планини кои поседуваат огромни природни убавини. Овде во хотелот се понудени многу различни услуги. Покрај добро познатото изнајмување соби, хотелот има ресторан, кафе бар, тераса, сауна и базен. |
| 8. | Хотел Бора | Хотелот Бора се наоѓа на Попова Шапка на 343 m од центарот. Поседува ресторан, бар, рецепција и сопствен паркинг. Хотелот располага со фамилијарни соби, опремени со работна маса, лед телевизири и сопствено купатило, клима, гардеробер и тераса. Гостите во хотелот може да си изнајмат ски опрема доколку сакаат да ја истражат околината во зима. |

**Табела 5: Дел од идентификувана НБТ понуда во НП Шар Планина**

| Ред. бр. | Име | Опис |
|---|---|---|
| 1. | Ресторан Релакс | Овој ресторан се наоѓа во селото Доброште, Тетовско и нуди добар избор на риба. |
| 2. | Ресторан Панорама | Лоциран во прекрасната околина во село Вруток, изобилува со најдобра панорама на природата. Секогаш со изборот на највкусната храна, особено со подготвување на сите видови на риба, со текнато огромно искуство и авторитет со кои денес се синоним за вкусна храна. Капацитетот на гости е до 30 маси (200 луѓе). |
| 3. | Ресторан Дриада | Се наоѓа во с. Гајре. Изобилува со извонреден поглед кон природата. Успехот на Дријада би бил невозможен без љубезниот персонал. Пријатната услуга е нешто што клиентите го ценат овде. Ова место со тивкиот амбиент може да биде добро место за јадење на вашата рута. Нуди традиционална македонска храна и риба, детско игралиште, базен и рибник. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Ресторан Парајса е Шарит (Restorant Parajsa e Sharrit) | Станува збор за огромен комплекс кој се наоѓа во с. Лисец, Тетовско. Има капацитет од околу 100 гости. |
| 5. | Биофарма 1 мај | Оваа биофарма се наоѓа во с. Вејце и нуди продажба на сирење и тури со јавање на коњи. Познатото бело „шарско“ сирење и млечни производи се надалеку чуени. Истите се произведуваат на семејната био-фарма „1 Мај“ која четири години ја раководи Насер Џемаили со своето семејство. Освен со овчарство, Џемаили почнал да се занимава и со рурален туризам и јавање на коњи, а гостите имаат можност и да вкусат од млечните специјалитети кои ги произведува тој. Но, уживањето во специјалитетите и природните убавини на Шар Планина е под ризик. Проблем се едногодишните договори за користење на пасиштата, незаинтересираноста на младите да се занимаваат со сточарство, како и непостоечкото интернет вмрежување. Според Џемаили, за неколку години нема да може да се види жива овца. Тоа пак би влијаело на нарушување на еко-системот на Националниот парк. |
| 6. | Ескимо Фрееериде (Eskimo freeride) | Eskimo freeride е првата европска операција за фрирајдинг на Snowcat. Нуди егзотична авантура на скијање и сноуборд на Шарпланина. |
| 7. | Планинарски дом Љуботен | Планинарскиот дом „Љуботен“ се наоѓа на 1620 m надморска висина, на еден од најголемните планински масиви во Македонија - Шар Планина или поточно областа Љуботен. Домот е најстариот планинарски дом во Македонија, кој што е изграден во далечната 1931 година. Моментално домот располага со два типа на сместување: Поткровје, кое што е една заедничка соба, со вкупно 20 единични легла; Бунгалови, вкупно пет, кои располагаат со по два единечни кревети. Од местото каде што се наоѓа домот, започнуваат голем број на планинарски тури, како на пример врвовите Љуботен, Ливадица, Пирибег, планинското глацијално езеро Ливадичко езеро. |
| 8. | Вила Љуботен | Вила Љуботен е место за одмор и релаксација кое се наоѓа во потполно мирно и зелено опкружување на сончева падина под врвот Љуботен. Сигурно ќе се чувствувате како дома, бидејќи домаќинската атмосфера во вилата и мирот кој зрачи претставуваат идеално место за сите кои бегаат од секојдневниот и брзиот ритам на живот, во еден подруг и поопуштен свет. |
| 9. | Шар Аутдорс (Sharr Outdoors) | Sharr Outdoors е лоциран на Попова Шапка. Поседува тим од луѓе кои ја делат истата идеја за еколошки и одржливо користење на природните ресурси. Обезбедуваат прва класа Snowcat Skiing - тури со скии и планинарски искуства во Македонија. |
| 10. | Планинарски клуб Љуботен | Планинарскиот клуб Љуботен од Тетово е формиран на 23 март 1925 година. Веднаш по формирањето, дел од членовите се искачиле на највисокиот врв на Шара, Турчин. Планинарскиот клуб располага и го одржува Планинарскиот дом Љуботен. |
| 11. | Планинарски клуб Тетекс | Клубот постои веќе 7 децении, а во овој период ги одржуваат старите планинарски традиции. Единствен клуб во Македонија кои прават организирани тури со над 150 учесници, имаат цели семејства кои ги посетуваат планините. |
| 12. | Планинарски клуб Пик трип (Peak trip) | Овој планински клуб нуди планинарење, возење велосипед и скијање бесплатно. |
| 13. | Рецеп | Нуди традиционално кравјо сирење во Новосело, Тетово |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Фермин | Нуди традиционално овчо сирење во Новосело, Тетово |
| 15. | Шпетим | Нуди традиционална храна во с. Вешала. |
| 16. | Мухамет Јашари | Издава соби од куќата и нуди мед и домашни биопроизводи (зеленчук). Локација с. Вешала. |
| 17. | Неџбедин Халити | Поседува невладина во с. Шипковица. |
| 18. | Хостел Хана | Поседува 2 планински куќи, во с. Вејце со капацитет од 30 туристи. |
| 19. | Хостел Китка | Лоциран во с. Вратница, Тетово, хостел Китка нуди сместување со градина, бесплатен приватен паркинг, заеднички салон и тераса. Одликувајќи се со заедничка кујна, овој имот ги пречекува гостите со ресторан и скара. Овој хостел погоден за миленичиња има и бесплатна WiFi. Во хостелот, секоја соба има балкон со поглед на градина. Во Kitka Hostel - Vratnica секоја соба е опремена со заедничка бања и постелнина. Гостите во сместувањето можат да уживаат во традиционална храна.. |
| 20. | Слоу фуд хостел (Миљазин) | Се наоѓа во с. Бозовце. Издава соби и поседува минересторан. Има капацитет до 30 туристи. |
| 21. | Шахин | Поседува минересторан со традиционална храна. Лоциран во с. Бозовце. |
| 22. | Визит Бозовца (Visit Bozovca) | Станува збор за хостел и туристички оператор во сл. Бозовце кој нуди издавање на соби и планинарски тури бидејќи има лице кое е планински водич. |
| 23. | Агро Забели (Agro Zabeli) | Ресторан за брза храна. |
| 24. | Ирфан Есати (Irfan Esati) | Сопственик на локален маркет, кој нуди домашни биопроизводи. |

**Табела 6: Природни атракции во НП Маврово**

| Ред. бр. | Име | Опис |
|---|---|---|
| 1. | Пештера Симка | Пештерата Симка се наоѓа на југ од вливот на Хаџина Река во реката Радика. Влезот на пештерата се наоѓа во кањонскиот дел познат под името Торбешки Мост, на надморска височина 1340 m. Оваа пештера се состои од два доминантни канали (горен - северен и источен канал). Вкупната должина на сите канали во пештерата достигнува 500 m. |
| 2. | Алилица | Пештерата Алилица се наоѓа во средишниот дел на планината Бистра, на 4 km источно од селото Тресонче, во долината на истоимената река, во најнепосредна близина на речното корито од десната долинска страна. Пештерскиот систем Алилица го сочинуваат подземните канали на Горна и Долна Алилица. Значајно за во оваа пештера е што во неа има подземен водотек кој се среќава по целата должина. Вкупната должина на пештерските канали изнесува 590 m. |
| 3. | Калина Дупка | Калина Дупка претставува пештера која се наоѓа на планината Бистра, во близина на селото Лазарополе. Се состои од еден меандерски канал со должина од околу 300 m. Според категоризацијата на пештерите во Македонија, Калина Дупка спаѓа во категоријата Значајни пештери. |
| 4. | Шаркова Дупка | Пештерата Шаркова Дупка се наоѓа во националниот парк Маврово, во близина на последните куќи од селото Маврово. Од асфалтниот пат, до влезот во пештерата има неколку минути пешачење по безбедна патека со скалила. Пештерата е уредена за посета на туристи, а заради заштита на нејзината раскошна |

| | | |
|---|---|---|
| | | внатрешност, на влезот е изсидан дел со метална врата. Пред влезната врата е поставена инфо-табла со скица и основни информации за пештерата. Инаку, откриена е пред повеќе децении од страна на локалното население кое што тогаш се плашело да влезе во неа. |
| 5. | Пештера Ѓоновица (Убавица) | Пештерата Ѓоновица (народно именувана како Убавица) се наоѓа на планината Буковиќ, во непосредна близина на гостиварското село Горна Ѓоновица. За да се дојде до неа, треба да се минат петнаесетина километри по стариот макадамски пат Гостивар – Кичево. А, потоа педесетина метри над патот е влезот на овој бисер на подземните убавини. Инаку, името „Убавица“ е дадено поради изразитиот сталагмит во форма на женска силуета, но и поради големото богатство од разновидни подземни природни украси. |
| 6. | Карстно поле Тони Вода | Тони Вода претставува карстно поле и висорамнина на планината Бистра, во кое се наоѓа понор во кој тоне водата поради, што го добило името Тони Вода. Се наоѓа помеѓу Маврово и врвот Царевец на североисток и Галичник и врвот Меденица на југозапад и низ него минува асфалтниот пат кој ги поврзува овие две места. |
| 7. | Голем Кораб | Голем Кораб е највисокиот врв на планината Кораб и воедно највисок врв во Македонија, на надморска висина од 2764 m. Се наоѓа на границата меѓу Македонија и Албанија. Врвот е остар, карпест, оголен и од него се протега извонреден панорамски видик. |
| 8. | Рибничка Скала | Рибничка Скала е врв во средишниот дел на источната падина и огранка на планината Кораб, во Македонија. Неговата височина изнесува 2305 m. Се одликува со многу голема стрмнина и зашиленост, а неговите стрмни јужни и северни падини се прошарани со многу стрмни тревнати кулоари и карпи кои достигнуваат до самиот врв, додека кон запад е поврзан со врвот Кабаш, а на исток преку превојот Пралуга со густите шуми кои се распространети на снижената источна падина и подножје на Кораб. Убавата „алпска“ глетка и големата стрмнина на нејзините падини кои го прават доста тежок за искачување и во летни, а особено во зимски услови, при што ѝ даваат особена привлченост на Рибничка Скала, кој заедно со врвот Рибничка Скала се два најатрактивни и меѓу планинарите и алпинистите многу често посетувани и особено прочуени планински врвови на Кораб и во Македонија. |
| 9. | Кабаш | Кабаш е врв во средишниот дел на главниот срт на протегање на планината Кораб, во Македонија. Неговата височина изнесува 2391 m. Се одликува со многу голема стрмнина и зашиленост, а неговите стрмни јужни и северни падини се прошарани со многу стрмни тревнати кулоари и карпи кои достигнуваат до самиот врв, додека кон исток е поврзан со врвот Рибничка Скала, а на запад со врвот Црвен Камен (Гури Куј). Убавата „алпска“ глетка и големата стрмнина на неговите падини кои го прават доста тежок за искачување и во летни, а особено во зимски услови, му даваат особена привлченост на Кабаш, кој заедно со врвот Рибничка Скала се два најатрактивни и меѓу планинарите и алпинистите многу често посетувани и особено прочуени планински врвови на Кораб и во Македонија. Од највисоката точка на самиот врв се пружа прекрасна глетка на трите највисоки корапски врвови Голем и Мал Кораб и Малокорапска Стена, како и целата источна падина на корапскиот масив. |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Веливар | Веливар е највисокиот врв на планината Дешат. Се наоѓа на билото на планината, а неговата надморска височина изнесува 2373 m. На самиот врв Веливар, минува граничната линија помеѓу Македонија и Албанија, заради што постои и полуразрушен граничен камен во вид на пирамида. Врвот Веливар претставува висок карпест и каменест гребен покриен со бујна и висока трева, кој се издигнува над билото и подгорието на Дешат во долината на Радика од македонска и неговото подножје во долината на Црн Дрим од алабанска страна. Воедно е често посетуван планински врв. |
| 11. | Голем Крчин | Голем Крчин е највисокиот врв од планината Крчин со 2341 m надморска височина. Крчин е планина која се протега во продолжение на Дешат и е дел од големиот планински венец Шара-Кораб-Дешат-Крчин-Стогово-Караорман. |
| 12. | Меденица | Меденица е највисок врв на планината Бистра, неговата надморска височина изнесува 2163 m. Се наоѓа на западниот дел на главното планинско било на Бистра, во непосредната близина северно над селото Галичник. До него води добро обележана планинарска патека од селото Галичник, а може да се искачува и од селото Јанче во долината на Радика. Од врвот Меденица се пружа глетка на целата планина Бистра, Мавровското Езеро, Кораб, Дешат, Шар Планина и Стогово. |
| 13. | Кањони на река Радика | Живописната кањонска долина на реката Радика, која е дел од НП Маврово му дава посебна убавина. Започнува кон патот за Дебар, од Трница и е во должина од 39 km. Во својот тек низ клисурата, Радика изградила и четири атрактивни кањони. Првиот е еден од најатрактивните кањони воопшто во Македонија, изграден пред неколку милиони години, пробивајќи се меѓу плланинските страни на Бистра и Стогово на исток и Кораб и Дешат на запад. Се наоѓа помеѓу вливот на Аџина Река и Штировица, во кој долинското дно е тесно, а страните скоро вертикално стрмни и високи 200-300 m (Андоновски, 1977). На југ се граничи со Дебарската котлина, а на север со Шар Планина. Вториот и третиот кањон се јавуваат на просторот меѓу вливот на Штировица и вливот на Мавровска Река, додека четвртиот е најголем и се протега од вливот на Рибничка до вливот на Жировничка Река во должина од 9 km (познат е под името кањон Барич и е најголем во Македонија). Во него долинското дно на Радика е доста тесно, а вертикалните отсеци што се издигаат до двете страни се високи помеѓу 300 и 350 m, додека длабочината на кањонската клисура се движи помеѓу 1200 и 1360 m (Василески, 1997). Според горенаведеното, може да се забележи дека Реката Радика има голем број на геовредности. |
| 14. | Кањон на Тресонечка Река | Тресонечка Река извира непосредно над селото Тресонче. Реката заедно со Гарска Река, ја создаваат Мала Река, збирно име за сите реки од подрачјето на планините Бистра и Стогово, која подоцна се влева во реката Радика (Голема Река). Реката е понорница во нејзиниот извориштен дел. Понира кај месноста Ќириловец на височина од 1705 m, додека вистинскиот водотек на реката почнува да се создава од водите на Три Извори. Кањонот на реката е тешко пристапен и изобилува со повеќе водопади, од кои најкарактеристични се Орлов и Син Вир. |
| 15. | Кањон на Длабока Река | Длабока Река е лева притока на Рибничка Река, која пак е десна притока на Радика. Извира под високите врвови на Мал Кораб формирајќи стрмна долина која претставува единственото место со алпски пејзаж и клима во Македонија. Од изворот, па по течението |

| | | |
|---|---|---|
| | | сè до вливот на реката се среќаваат три кањони. Првиот се наоѓа над напуштенотово село Жужње, вториот помеѓу селата Жужње и Нистрово и третиот под селото Бибај при утоката во Рибница. Со својата убавина од овие три кањони посебно плени и се издвојува кањонот над селото Жужње, кој е долг над еден километар. Страните на кањонот се целосно вертикални и тоа десната страна е со висина од 100 m, а левата со висина од 300 и повеќе m, а дното е со ширина едвај од 2 до 3 m. Кањонот настанал како резултат на топењето на огромниот глечер на последното ледено доба, а низ него реката формирала интересни кади, помали водопади и браци. Вториот кањон што воодушевува со својата убавина е долг 1,5 km и широк од 10 до 20 m, а третиот е долг 600 m со височина од 100 до 150 m. |
| 16. | Долина на река Рибница | Таа е најголемата десна притока на Река Радика. До реката се стига преку регионалниот пат Маврово-Дебар. Непосредно по комплексот Кораб Трница во правец кон Дебар, треба да се исклучите од регионалниот пат во правец на селата. На самото исклучување се поминува преку мост под кој Рибница се влева во Радика. |
| 18. | Долина на Аџина Река | Да се посети овој крај значи да се дојде и до самите извори на Радика, една од најчистите и најубавите реки во Македонија. Тоа патување неизбежно води во близина на Луково поле, местото каде што се планира изградбата на новата хидроакумулација. Пристапот до оваа долина, води преку превојот Стража, покрај Мавровско Езеро кон Дебар и десно кон одамна иселените села Ничпур и Бродец, односно кон Стрезимир и караулата Победа. Токму таму се наоѓаат скриените недопрени предели на Шар Планина и на Кораб. Прав репрезент на овој прекрасен крај е долината на Аџина Река, која изобилува со извонредна кањонеста долина, со бројни пештери со страничните делови, од кои најпозната е пештерата Симка. |
| 19. | Долина на Мала Река | Мала Река е најголема лева притока на Радика. Се формира од водите на Тресонечка и Јадовска Река, кои се спојуваат под селото Тресонче. Како главна културна знаменитост во долината на реката се смета познатиот мост Елен Скок, во близина на селото Могорче. Во близина на мостот постои уреден простор со клупи и видиковци до кој може да се пристапи од регионалниот пат кој е долж реката. Долината на реката е карактеристична по релативно длабоко засечени корита, бујна вегетација и букова шума. |
| 20. | Орлов водопад | Најголем водопад на Тресонечка Река. Се наоѓа 200 m северно од водопадот Син Вир. За пристап до водопадот Орлов водопад во еден дел има искачување и спуштање со јаже (зашто теренот е стрмен и лизгав, има лисја, камења, мека земја и сл.) и баш е авантуристички, но и опасно за тие што не се баш подготвени. |
| 21. | Син Вир | Водопадот Син Вир се наоѓа во близина на село Тресонче. Има маркирана патека, долга околу 5 km. Пределот околу првите водопади со дрвените скали е особено влажен. Теренот на делови е стрмен и тесен, а поради влагата што настанува непосредно до водопадот потребно е да се внимава бидејќи е лизгава површина по која што се движи. |
| 22. | Корапски Водопад | Корапскиот Водопад (Ројфелски Водопад) е водопад во горниот тек на Длабока Река на планината Кораб. Со своите 130 метри, Корапски водопад на оваа река е највисок на Балканот. Се јавува во пролетните месеци од топењето на снегот на источната страна |

| | | |
|---|---|---|
| | | на врвот Мал Кораб (под Мала корабска врата). Најголем интензитет има кон крајот на мај и почеток на јуни, а понатаму во текот на летото, губи од својата јачина. Глетката е фасцинантна доколку се наоѓате на некој од околните ридови. Во зависност сезоната и водостојот на изворот, водопадот варира во висина и интензитет. Бројките варираат меѓу 70 до 138 метри. Корапски водопад се појавува со топењето на снегот на пролет. |
| 23. | Дуфски водопад | Водопадот се наоѓа во близината на селото Ростуше, на падините на планината Крчин, каде што е сместен во густа шума. До него води обележана пешачка патека во должина од околу 1 km. Со височина од околу 30 m изобилува со извонредна природна убавина. Она што овој водопад го прави посебен и го издвојува од останатите водопади е висината на карпата од која паѓа водата. |
| 24. | Мавровско Езеро | Мавровско Езеро е вештачко езеро на 1.200 m надморска височина. Над езерото од сите страни се издигаат високи листопадни и иглолисни шуми, кои се огледуваат во бистрата езерска вода. Тие му даваат посебна убавина и изглед. На југ со Бистра, на север со Шар Планина и на исток со превалецот Влајница. Сѐ до 1947 година на местото на денешното Мавровско Езеро се наоѓала Мавровската Котлина низ која течела Мавровската Река. Тогаш на реката на излезот од котлината и бил затворен патот кон Радика со голема земјена брана. Така котлината започнала да се полни со вода, а на нејзиното место се создало Мавровско Езеро. |
| 25. | Езеро Локув | Се наоѓа на самиот водораздел помеѓу сливот на реката Лопушник од северната и сливот на Требишка Река од јужната страна, северозападно од селото Требиште, на надморска височина од 1565 m. Според надморската височина, ова е најниско глацијално ерозивно езеро во Македонија. Тоа се храни со вода од непосредната сливна површина, врнежите, топење на снегот и подземните води. Тоа нема површинска отока, а водата во најголема мера ја губи со испарување и подземно истекување. Површината на езерото изнесува околу 4000 $m^2$, а во југозападниот дел на самото езеро, се наоѓа еден остров со површина од 1260 $m^2$. |
| 26. | Излетнички локалитет “Горна Ледина„ | Локалитет кој нуди убав поглед на целиот кањон на реката Радика. Местото нуди добри услови за одмор во планина и истото располага со клупи за седење и чешма со природна, ладна и чиста вода за пиење. Покрај другото учесниците на оваа планинарска активност можат да го разгледаат подножјето на планината Дешат како и да соберат некои видови на растенија и тревки со кои ова место изобилува. |
| 27. | Излетничко место Бојков Кладенец | Се наоѓа во непосредна близина на скијачкиот центар и нуди одлични можности за организирање на пикник. Местото е уредено со клупи за одмор, место за скара, чешма, како и покриен дел со маса на која можат да се сместат поголем број на гости. |
| 28. | Сафари Паркот во Бунец | Овој центар зафаќа територија од 430 ха која е обиколена со заштитна ограда. Во него посетителите ќе можат да видат Европски елени како и елен лопатар а прошетката низ истиот е доста пријатна. Локалитетот изобилува со прекрасни места за одмор, многу видиковци, чешма со ладна изворска вода а од неодамна е поставена кула за набљудување- идеално место за набљудување на животните од кое ќе може да се направат прекрасни фотографии. За сафари паркот се одговорни стручни лица (Ренџери) вработени во националниот парк. Обиколката во сафари паркот трае од 1 до 2 часа. Во склоп на овој локалитет |

| | | |
|---|---|---|
| | | функционира и детската едукативна патека наменета за деца од 6 до 12 години. |
| 29. | Околината на с. Лазарополе | Лазорополе е едно од највисоките населени места во Македонија, сместено на надморска височина од 1350 m и како што ќе се уверите за време на вашата посета, тоа е една од најатрактивните туристички локации на Балканот. Овде можете да уживате во прекрасната природа и фантастичниот призор што се отвора насекаде околу вас и на најдиректен начин да се запоснаете со непроценливото културно историско богатство кое што претставува важен дел од македонското и севкупното цивилизациско наследство. |
| 30. | Ски центар Маврово | Присуството на Скијачкиот центар во Маврово, најголем во земјата, кој е силен елемент на атракција за регионалните балкански земји во зимскиот период, и има најголема концентрација на хотели на територијата, претставува една од главните основи за развој на зимскиот спортски туризам. |

| **Табела 7: Културни атракции во НП Маврово** | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Име | Опис |
| 1. | Стара џамија во с. Ростуше | Старата џамија се наоѓа во долнореканското село Ростуше. Џамијата се наоѓа на влезот од селото, на левата страна од патот. Џамијата веројатно била изградена во XVII век, но историски претрпела неколку градежни зафати, така што нејзиниот првобитен изглед е изменет. Минарето на џамијата било изградено во поново време. |
| 2. | Манастиркиот комплекс Св. Јован Бигорски | Еден од најубавите манастири во Македонија е манастирот посветен на Свети Јован Претеча, познат како Свети Јован Бигорски. На надморска височина од 740 метри, десеттина километри пред вливот на Радика во Дебарското Езеро, овој манастир е положен во впечатливите бигорови карпи на кањонската долина на реката Радика, во прегратките на бујните шуми всадени на северозападните падини на планината Бистра. Во близина се наоѓаат селата Ростуше, Битуше и Требиште, претежно населени со муслимани, но има и христијани. Манастирскиот комплекс го сочинуваат манастирската црква, костурницата, сместена до самата црква, сејменската одбранбена кула, комплексот манастирски конаци, како и новоизградените гостински конаци. |
| 3. | Локалитет Главино Село | Во непосредната близина на Лазарополе, се наоѓа месноста наречена Главино Село. Точната локација на ова напуштено село се наоѓа во подножјето на познатата карпа Соколица, која се гледа од самото село и која секој Лазаровец знае да ја покаже. Патот до Главино Село е всушност истиот пат по кој се стигнува до пештерата Калина Дупка. Според народното предание на Лазаровци, Главино Село не било обично село, туку тоа било главно село, престолнина на Мијаците, зашто во него живееле мијачките главатари, таму се чувал главниот мијачки бајрак и од таму се осмислувала политиката и стратегијата што сите останати мијачки села биле обврзани да ја следат. |
| 4. | Етнографска област Река | Пределот Река го зафаќа просторот по течението на реката Радика, која во локалните говори на населението со нарекува Река, како и просторот по течението на притоката Мала Река. Оттука, жителите |

| | | |
|---|---|---|
| | | од овој предел уште од минатото себеси се идентификувале како Реканци, а така ги нарекувале и жителите во околните предели и пошироко. |
| 5. | Горна Река | Пределот Горна Река ги опфаќа селата: Беличица, Бибај, Богдево, Волковија, Врбен, Врбјани, Грекај, Жужње, Кичиница, Кракорница, Нивишта, Нистрово, Ничпур, Рибница, Сенце, Тануше, како и раселените села: Реч, Стрезимир, Трница и Штировица. Во некои истражувања се спомнува и раселеното село Д'бово, село кое главно било уништено во текот на војните од 1912 до 1918 година. |
| 6. | Долна Река | Пределот Долна Река ги опфаќа селата: Јанче, Скудриње, Присојница, Аџиевци, Ростуше, Битуше, Велебрдо, Требиште, Видуше, Болетин, Жеровница. |
| 7. | Голема Река | Пределот Голема Река ги опфаќа селата: Долно Мелничани, Горно Мелничани и Долно Косоврасти (Смиљаниќ, 1925), но овие села не се опфатени со НП „Маврово". |
| 8. | Мала Река | Пределот Мала Река ги опфаќа селата: Галичник, Гари, Лазарополе, Могорче, Осој, Росоки, Селце, Сушица, Тресонче. Селата Гари, Осој, Могорче не се опфатени со НП „Маврово". |
| 9. | Мавровско Поле | Пределот Мавровско Поле, односно Маврово ги опфаќа селата: Леуново, Маврово, Никифорово и населбата Маврови Анови. |
| 10. | Капела Света Петка | Капелата Света Петка е со многу „сиромашна и рурална градба". Ѕидовите од камен поставени на правоаголна основа се покриени со двоводен покрив кој, најверојатно, едно време бил од камени плочи, но сега како резултат на неодамнешна интервеница за одржување е изграден со дискутабилен метален брановиден лим. |
| 11. | Црква Свети Никола | Заштитен знак на регионот е и потопената црква „Св. Никола" во вештачкото Мавровско Езеро, кое ја сокрива до покривот со секое надоаѓање на водата. Во близина се наоѓа археолошки локалитет Св. Никола. Локалитетот претставува некропола од доцниот среден век. За време на летниот период кога нивото на водата во мавровско езеро е помало, се гледаат и камени плочи од гробови и архаични крстови од бигор. Мавровското Езеро, пак, е погодно за посетителите во текот на целата година – лете за капење, а зиме, кога замрзнува, за лизгање. |
| 12. | Црква Свети Петар и Павле | Црквата Свети Петар и Павле од 1848 година е со полу-шестоаголна апсидна основа. Покривот е двоводен, ѕидовите се од камен, со големо количество на вар. |
| 13. | Црква Свети Ѓорѓија, с. Лазарополе | Старата селска црквичка се наоѓала на истото место на сегашната црква Св. Ѓорѓија, на оралишче. Всушност, според кажувањето на старите Лазаровци, таа при градбата на новата селска црква многу складно била вкомпонирана во новата градба. Без султанска дозвола црквата била градена 6 години, од 1832-1838 година. |
| 14. | Црква Св. Ѓорѓија - Ѓурепи и Крстот на Цуцул, с. Лазарополе | Малата црквичка посветена на Св. Ѓорѓија се наоѓа недалеку од селото во правец на исток, југо-исток, на патеката која што води до блискиот врв наречен Цуцул. По патот се наоѓа чешма со исклучително студена вода. Се верува дека оваа вода е лековита. Токму за ова чешмиче се врзува и преданието кое му претходело на добивањето на името на ова место. |
| 15. | Црква Свети Атанасиј - Свети Танас, с. Лазарополе | Малата црквичка посветена на Св. Атанасиј, меѓу Лазаровци е попозната како Св.Танас, а се наоѓа на макадамскиот пат што води кон Извор и Кичево, на околу 3 километри источно од Лазарополе. Црквичката Св. Танас била изградена во почетокот на 20 век (Смилевски 1995: 102). Порано оваа црквичка била посетувана од |

| | | |
|---|---|---|
| | | лазоровци на 15 мај, кога таму се одело со јадење и топани и каде што се играло и се пеело. |
| 16. | Црква Св. Спас - Соколица, с. Лазарополе | Едно од многуте места кое треба да се посети во Лазарополе е и црквичката Свети Спас, сместена на впечатливата карпа Соколица. Во непосредна близина на денешната локација на црквичката Св. Спас, според сведоштва на стари луѓе во дамнешно време се гледала некаква светлина. Ова дало повод оваа локација да се смета за свето место. |
| 17. | Јама - Кула | Тоа е месност во с. Лазарополе, со средновековна фортификација. На околу 5 км западно од селото, на висок рид со доминантна положба има остатоци од помала фортификациска единица - кула (Археолошка карта 1996: 112; с.в. Јама - Кула). |
| 18. | Каптажа | Тоа е средновековна некропола лоцирана на западниот раб од с. Лазарополе, во неопсредна близина на каптажата за вода (Археолошка карта 1996: 112; с.в. Каптажа). |
| 19. | Оралиште | Средновековна некропола во с. Лазарополе. Во 1950 година при изградбата на камбанаријата и на водоводот во црквата Св. Ѓорѓи биле откриени гробови градени од камени плочи - тип циста, со ориентација исток - запад (Археолошка карта 1996: 113; с.в. Оралиште). |
| 20. | Елен мост или Елен скок | Крај патот за Лазарополе, во клисурата Јама, преку Мала Река, недалеку од местото каде таа се влива во Радика, се наоѓа Елен мост или Елен скок. Мостот има само еден полукружен отвор над реката. Изграден е од кршен камен, со ситна и неправилна форма, додека од правилно кршени парчиња камен се изградени сводот, архиволтата и венецот на мостот. |
| 21. | Кадиевци | Месност каде е лоцирана средновековна некропола. Во долниот дел од маалото, од десната страна на Тресонечка Река, при изградба на куќи се откриени гробови градени од камени плочи - тип циста со ориентација исток - запад (Археолошка карта 1996: 116; с.в. Кадиевци). |
| 22. | Петрева Ливада | Локација со средновековна некропола. Околу 500 m западно од маалото Лековци при изградба на патот за село Лазарополе се откриени гробови од камени плочи - тип циста. Во еден од гробовите е пронајдена бронзена тока (Археолошка карта 1996: 116; с.в. Петрева Ливада). |
| 23. | Црква Свети Петар и Павле | Местоположбата на оваа црква е сред село, а тоа наведува на заклучок дека е главен православен храм во Тресонче. Соѕидана е во 1844 година по една голема пауза при градењето. Храмот е добро сочуван и повремено служи и за вршење литургии (на Петровден). Западниот дел од храмот содржи галерија до која се доаѓа преку внатрешни дрвени скали. |
| 24. | Црква Свети Никола | Оваа црква е доминантен објект во с. Тресонче. Иако е помала и понова од другиот храм „Свети Петар и Павле“, таа е поставена на самиот влез во селото, како своевиден чувар и заштитник на Тресонче. Се наоѓа во непосредна близина на Ленишча, на западните падини од селото. Градена е кон крајот на 19 или во почетокот на 20 век. |
| 25. | ~~Галичка свадба~~ | ~~Галичката свадба, денес, со сигурност може да се рече дека е еден од најважните културни настани и туристички атракции во пределот. Таа претставува културна манифестација на која секоја година присуствуваат многу гости и туристи со цел да проследат дел од обичаите и традиционалната музика. И покрај тоа што е туристичка атракција, таа сепак е реален чин на стапување во брак~~ |

| | | |
|---|---|---|
| | | ~~на младоженци, за кои по правилата на организацијата потребно е тие, или барем младоженецот да бидат со галичко потекло. Според податоците достапни од литературата забележливо е дека тенденцијата оваа свадба да стане препознатливо обележје на Мијачијата, посебно на Галичник и Галичани се појавила уште во дваесеттите и триесеттите години на XX век, откако дел од оваа локална традиција започнала да се промовира во странство со учеството на разни фолклорни фестивали низ светот.~~ |
| 26. | Кожа-Лесков Дол | Сакрален објект од средновековието. На околу 2 km од патот за Маврови Анови, во северниот дел од ридот над езерото има грамади од кршен камен. Според народната традиција, луѓето од регионот се собирале на оваа локација во првиот петок по Велигден (Археолошка карта 1996: 107-108; с.в. Кожа- Лесков Дол). |
| 27. | Црквиште | Тоа е месност на околу 500 m јужно од селото Кракорница, каде што е откриена некропола со камени плочи и крстови од бигор (Археолошка карта 1996: 112; с.в. Црквиште). |
| 28. | Ѓоновица | Локација на средновековна населба. Се наоѓа на околу 4 km северозападно од селото, над брегот на Мавровското Езеро во оградената заштитена зона на НП Маврово. Според преданијата на локалните жители, се смета дека на оваа локација било старото село (Археолошка карта 1996: 113; с.в. Ѓоновица). |
| 29. | Сув Дол | Месност на која се откриени средновековна црква и некропола. На околу 500m североистоично од селото, веднаш над езерото и од левата страна на патот за Гостивар се гледаат темели од мала еднокорабна црква ѕидана од кршен камен и варов малтер. Во близина има и некропола (Археолошка карта 1996: 113; с.в. Сув Дол). |
| 30. | Свети Никола | Локација во Маврово каде што е откриена некропола од доцниот среден век. Оваа локација е во непосредна близина на селската црква посветена на Св. Никола, а веднаш под патот се гледаат камени плочи од гробови и архаични крстови од бигор (Археолошка карта 1996: 113; с.в. Св. Никола). |
| 31. | Шаркоски Рид | Локација со откриени средновековна црква и некропола. На југозападниот раб на селото, при изградба на хотелот „Бистра“ во 1973 година е уништена поликонхална црква и некропола со гробови градени од камени плочи - тип циста (Археолошка карта 1996: 113; с.в. Шаркоски Рид). |
| 32. | Месност Бор | Во близина на Никифорово, во месноста наречена Бор се откриени остатоци од сакрални објекти, кои може да се поврзат со народните преданија за манастирскиот комплекс на игуменот Никифор. Врз основа на пронајдените археолошки податоци се смета дека сакралните објекти потекнуваат од 5-тиот до 7 век, како и понови остатоци од црква од 9-10 век, како и уште понови од доцното средновековие, 14-15 век. Во црквата, во минатото постоела и света вода, која посетителите ја користеле во исцелителни цели, но сега водата е пресушена. Според народното именување, манастирот се нарекува Бор (Филиповски 2008: 9). |
| 33. | Месност Петилеб | На месноста наречена Ѓуроец, по патот низ шумата кон планината Бистра, на крајот на шумата се наоѓа изворот наречен Петилеб. Според една од легендите, местото е свето, зашто во минатото таму се одело на селска обиколка со црквените реквизити. Некој од селаните, орајќи, таму пронашол сребрен владичин крст, поради што и месноста ја поврзуваат со светоста на петолебието (Филиповски 2008: 23). |

| | | |
|---|---|---|
| 34. | Манастир - Црквиште | Средновековна населба со сакрален објект и некропола. На околу 2 km кон исток од селото Жировница, над левиот брег на Жировничка Река, поставени во тераси има остатоци од сакрален објект. На крајниот југозападен дел од локалитетот се забележуваат гробни могили и ѕидови од сакрален објект. Населбата имала доминантна местоположба во долината на Радика (Археолошка карта 1996: 111; с.в. Манастир-Црквиште). |
| 35. | Песогорица | Месност на која постоела средновековна населба. На 5 km југоисточно од с. Јанче, на падините на Бистра се забележуваат грамади од градежен камен и покривни ќерамиди. Според кажувањата на тукашните, на овој локалитет било лоцирано старото село Јанче (Археолошка карта 1996: 112; с.в. Песогорица). |
| 36. | Св. Илија | Локација позната меѓу жителите на Јанче, каде што е забележана средновековна некропола. На околу 500 метри југоисточно од селото се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад (Археолошка карта 1996: 112; с.в. Св. Илија). |
| 37. | Св. Петар | Локација со средновековна црква и некропола. На околу 3 km југоисточно од с. Јанче се гледа грамада од кршен камен а во близина има и остатоци од гробни плочи со ориентација исток-запад. Во 1967 г. е откопан еден гроб без гробни прилози (Археолошка карта 1996: 112; с.в. Св. Петар). |
| 38. | Добје | Локација во близина на црквата во горниот дел на с. Ростуше каде во 1966 година, при изградба на водоводот, на длабочина од околу 1.40 m е откриен детски гроб граден од камени плочи. Притоа се уништени повеќе гробови од помала некропола (Археолошка карта 1996: 115; с.в. Добје). |
| 39. | Бобароско чешмиче | За водата од оваа чешма не само во минатото туку и сега се смета дека има лековити својства за очни болести. Со неколкудневно миење, односно плакнење на очите со вода од оваа чешмичка, велат болките во очите престануваат. Оваа чешма се наоѓа во месноста Вограѓе на влезот во с. Битуше, веднаш на мостот Над извор. |
| 40. | Чешмите на покладишќа | На околу 1.5-2 km кон југозапад од с. Битуше се наоѓа месноста Покладишќа каде што од дамнина постојат три чешмички за кои се верува дека имаат лековита моќ. Наполнетата вода од овие чешмички, која се чува во куќите ги штити луѓето и домовите од разни магии, сторенија и нагазеници, па дури и од разни болести. Месноста Покладишќа се смета за свето место, каде што била изградена црквата Свети Спас каде Битушани секој Спасовден се собираат за да го одбележат празникот. |
| 41. | Каменот в Добје | Во месноста Добје, стотина метри подолу, веднаш над требишкото џаде, се наоѓа Камен за кој од дамнина се верува дека ги лекува болките во грбот или, како што велат Битушани, болките во крстот. |
| 42. | Зара | Во камењата што се наоѓаат во непосредна околина на сега веќе разурнатата мала црквичка на Крчин, во с. Битуше, се наоѓаат ситни кристални камчиња наречени Зара. |
| 43. | Усамник | Усамник е голема карпа што се наоѓа во месноста Драга над Битуше, некогаш се одронила и стркалала од врвот Крчин. Не само Битушани, туку и жителите на околните села, верувале и веруваат дека овој камен има чудотворна моќ. (Фиданоски 2006: 121-123). |
| 44. | Меморијален центар Коџаџик | Меморијалниот центар Коџаџик (познат и како Спомен-куќа на Али Риза Ефенди) е куќа во селото Коџаџик, Македонија. Куќата е прогласена за споменик на културата на Македонија и претставува |

| | | |
|---|---|---|
| | | родна куќа на Али Риза Ефенди, татко на Мустафа Кемал Ататурк, основоположникот на современа Турција. |
| 45. | Пресвета Богородица | Пресвета Богородица е главна и катедрална црква на Гостивар, сместена на самиот плоштад. Изградбата на црквата Пресвета Богородица е започната во 1924 година, а нејзиното осветување е извршено во 1929 година. Во 2003 година на црквата извршен е поголем реставраторски зафат. |
| 46. | Саат-кула | Саат-кула е еден од најпрепознатливите објекти во Гостивар. Преку неколку часовници вградени во Саат-кула, таа сеуште е во функција и го покажува точното време. Саат-кула е еден од трите културно-историски обележја и се наоѓа и на општинските грб и знаме. |
| 47. | Бегова куќа | Куќата на Болетини, позната како Беговата куќа или Жолтата куќа - објект во Гостивар, важен дел од културното наследство на Македонија. Во 1984 година куќата е заштитена и е ставена на списокот како дел од културното наследство од Македонија. |

**Табела 8: Туристички активности во НП Маврово**

| Ред. бр. | Име | Опис |
|---|---|---|
| 1. | Планинарење | Макрорелјефните карактеристики се со извонредни можности за развој на планинскиот туризам. Тоа е основа за диференцијација на планинскиот туризам како посебна развојна форма. Структурата на релјефот на планинските страни овозможува да се утврдат планинарски патеки. Поволни терени за вакви активности се патеките: Леуново - Сандакташ, Маврово - Чавкарник, Маврово - Леуново, Трница - Меденица, Трница - Сенце, Жировница - врв Кораб, Ростуше - Аџиевци, Требиште - Езеро Локуф, Лазарополе (кружна патека околу селото преку Јаорска Вода), Лазарополе-Ѓурепи, Росоки-извор на Росочка Река и други. |
| 2. | Спелеологија | Пештерите во НП “Маврово” се честа појава. По долината на Радика се утврдени 42 поголеми и помали пештерски канали. Потоа во изворниот дел, јужно од вливот на Аџина Река, од двете страни на речната долина, во близина на месноста Торбешки Мост, констатирани и проучени се 25 пештерски отвори. |
| 3. | Алпско скијање (спуст) во зима. | Ски центарот нуди одлични услови за љубителите на сноубордингот и многу услови за скијање на различен начин како крос- кантри патеката „Мирна долина“ долга 7.5 km или користење на 30 km долгата патека на која се одржува мавровскиот комеморативен турнир (слободен стил). Ски центарот организира и меѓународни натпревари во слалом и велеслалом, сноубординг и др. |
| 4. | Планински велосипедизам | Планински велосипедизам е активност која ви дава додатен проток на енергија кога сте затечен во средина на крајно импресивни планински предели. Можностите во Маврово се речиси бескрајни, предизвик можат да најдат почетниците и рекреативците, исто така има и патеки за искусни велосипедисти кои претпочитаат да „педалираат“ до високите врвови. Попатно ќе ги сретнете и не заборавајте да ги поздравите овчарите и нивните кучиња, и обавезно фотографирајте ги огромниот број на овци кои ја красат величествената глетка низ масивот на Бистра. |
| 5. | Јавање коњи | Јавањето на грбот на еден коњ нуди посебно искуство и особено возбудлив начин на уживање во богатствата на Националниот парк |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Маврово. Ова е несекојдневен начин да се откријат убавините на овој крај, далеку од секојдневните дразби и притисоци од урбаниот начин на живот. На ова јавање ќе се запознаете со падините на планината Бистра, ќе го видите нејзиниот највисок врв Меденица, но ќе ја видите и најживописната страна на планината Стогово. Јавајќи на каменест терен, отворени ливади и букова шума ќе доживеете едно комплетно ново искуство. Ова ексклузивно доживување е наменето за оние кои веќе јавале, но и за почетници со авантуристички дух. Сместувањето е во стари села, уживајќи ги вкусовите на традиционално подготвените јадења. |
| 6. | Кајакарење | Кајакарење по реката Радика. |
| 7. | Рафтинг | Рафтингот на Радика е нешто што мора да го доживее секој вистински авантурист. |
| 8. | Искачување на карпи | Туристичка активност која нуди адреналин за сите љубители на екстремни спортови. Прилика која ја има во НП Маврово и ги предизвикува сите оние кои сакаат да постигнат нешто што малкумина можат. |
| 9. | Параглајдинг | Овој тип на туристичка активност е достапен од јуни до октомври. Начин да се доживеат планинските врвови и убавините на Маврово во вистинско светло. |
| 10. | Кампување | Мавровското Езеро претставува вистински бисер во Националниот Парк. Иако е вештачко, сепак плени со својата убавина посебно кога се гледа од скијачките терени на планината Бистра. Покрај риболовот на езерото се нудат можности за кампување, прошетки и сл. |

| **Табела 9: Сместувачко-угостителски објекти базирани на НБТ во НП Маврово** | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Име | Опис |
| 1. | Хотел Бистра – Ресорт Маврово | Хотелот Бистра е сместен во подножјето на планината Бистра, близу до Мавровското езеро и три жичари, кои водат до прекрасните скијачки терени. Опкружен со природна убавина, хотелот нуди пријатен престој, одмор, забава и рекреација преку целата година. Хотелот поседува 118 кревети во удобно уредени соби со џакузи кади и тушеви, телефон и ТВ. Ресторанот нуди богат избор на исклучителни специјалитети од морска храна и традиционални јадења. |
| 2. | Хотел Миас Фаворит | Со поглед кон Мавровското Езеро од над 1200 m н.в., омилениот хотел на Миа Маврово се наоѓа на живописно место на планинските падини на планината Бистра – ливади, пасишта и огромни шуми кои се наоѓаат во границите на Националниот парк Маврово. Се истакнува во луксузот обезбедувајќи амбиент сличен на домот низ вкупно 30 соби, кои се движат од двокреветни соби до апартмани и претседателски одела. |
| 3. | REY Mavrovo Hotel & Restaurant | Хотел-ресторанРеј се наоѓа во близина на Мавровското Езеро. Идеално место за релаксација, одмор, добра кујна. Хотелот има неверојатен поглед на езерото. Хотел Реј нуди совршено бегство од секојдневниот стрес. Се наоѓа на брегот на Мавровското Езеро. Можете исто така да пробате локални јадења во нашиот ресторан, вклучувајќи свежа риба. Собите имаат уникатен поглед на езерото. |
| 4. | Хотел Фершпед | Хотелот Фершпед се наоѓа во Маврово, веднаш до ски-лифтот. Директен пристап до ски патеките, бар, ресторан и бесплатен Wi-Fi. Ски соба за багаж и услуга за изнајмување ски се достапни. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Собите имаат погледи кон планината и секоја соба има ТВ со рамен екран, со кабелски канали. |
| 5. | Хотел Радика | Хотелот Радика е првокласно планинско одморалиште кое се наоѓа на одлична локација веднаш над езерото Маврово опкружено со прекрасна борова шума. Хотелот е комплетно реновиран во 2008 година и предизвикува зачудување на секој „новодојденец“. Одличната локација (1400 m надморска височина), простран соби, стилскиот дизајн и големиот Спа центар ќе придонесат за вашиот незаборавен престој. |
| 6. | Хотел Туто | Во самото село Јанче се наоѓа хотелот Тутто каде може да престојовате, а за оние кои пат се на еднодневна екскурзија можете да го посетите делот на хотелот каде што се наоѓа ресторанот со предобар поглед. Овој хотел е под планината Бистра и во близина на Манастирот Св Јован Бигорски. Хотелот нуди простории погодни за организирање на семинари и бизнис средби. |
| 7. | Хотел Неда | Сместен во Галичник, хотелот Неда Галичник располага со соби, ресторан, бар, тераса и WiFi. Постои ресторан кој служи европска кујна, и бесплатен сопствен паркинг е на располагање. Областа е популарна за возење велосипед, а изнајмување велосипед е достапно во хотелот Неда Галичник. Идеално место за прошетки во планина и уживање. Маврово е оддалечено 19 km од сместувањето, додека Гостивар е оддалечено 45 km. |
| 8. | Калин Хотел | Хотелот Калин се наоѓа во Лазарополе на 1350 m надморска височина. Опкружен е со предел од карпести ридови, а во целата околина има двокатни и трокатни куќи кои се изградени од камен. Калин Хотел е спој на традиционално мијачко градителство со современи архитектонски решенија, што создава топла и уникатна атмосфера. Хотелот е опкружен со букова и дабова шума идеална за прошетка. За оние кои се љубители на велосипедизмот, околината е фантастичка за практикување на овој спорт. |
| 9. | Хотел Кораб Трница | Во срцето на Горна Река, меѓу високите Кораб, Шара и Бистра, кај многуте расфрлени планински рекички и Радика, меѓу зимзелените дрвја и секвојата што гордо ве пречекува, се наоѓа комплексот „Кораб Трница“. Комплексот е оддалечен 5 (пет) километри од Мавровско Езеро, на патот кон Дебар. Комплексот им нуди на гостите можност за одмор во сместувачки капацитети кои се состојат од апартмани, соби и планински куќички со прекрасен поглед кон падините на Кораб, Шара и Бистра. Исто така, располага со рецепција, лоби и сопствена продавница за: млечни и месни производи, слатко, мед, вино. За гостите комплексот нуди бесплатно користење на велосипедите и риболовна опрема. |
| 10. | Одмаралиште ЕЛЕМ | Одмаралиште ЕЛЕМ-Маврови Анови е хостел, кој се наоѓа во непосредна близина на црквата Св. Кирил и Методиј и врв Црн Камен. |
| 11. | Вила Лазарески | Можност за уживање во прекрасните глетки и звуци на Националниот парк Маврово секој ден. Ова вила гарантира за удобноста на убавите апартмани и прекрасниот двор идеален за уживање со вашето друштво или фамилија. Леуново е убаво планинско село на брегот на Мавровското езеро погодно за одмор, но и многу опции за пешачење, велосипедизам и незаборавна авантура. |
| 12. | Вила Ана Марија | Нудејќи поглед на езерото и планината, апартманот Ана Марија се наоѓа во Маврово и на 5 минути пешачење од Мавровското езеро. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Тоа е авто-угостителски сместување. Бесплатна WiFi и приватен паркинг се достапни на лице место. |
| 13. | Апартмани Сент Мориц | Сместен е на само 10 минути од сите атракции во НП Маврово, овој дом има свој голем приватен двор и е целосно опремен со цел да го направи вашиот престој што попријатен. Подгответе се да бидете опкружени со луксуз веднаш штом ќе влезете во овој посебен дом- тој е светол, простран, целосно климатизиран и опремен по највисоки стандарди. Само погледнете ги капацитетите што ги нуди овој нов дом. |
| 14. | Апартмани Кристијан | Апартмани Кристијан се наоѓа во НП Маврово и има капацитет за 10 гости. |
| 15. | Апартмани Клуб Гламур | Стан за максимум 6 лица. Апартманот содржи дневна и две посебни спални соби, опремени со мини кујна, бања, ТВ и интернет. |
| 16. | Апартмани Мавровски Мерак | Апартманите имаат целосно опремена кујна. Објектот има wi-fi, приватен паркинг. Сместувањето е во близина на езерото, стара црква, ресторан Мавровски Мерак. Соседството е мирно и тивко. Апартманите се наоѓаат на 1 km од ски стазите. |
| 17. | Апартмани Севги Ростуше | Овие апартмани имаат двокреветни и соби. |
| 18. | “Баба и Деде„ сместување во Галичник | Кај „Баба и Деде“ нудат комплетно нови соби за сместување, опремени со Wi-Fi. Апартманите се сместени на 80м од ресторанот, каде се служи доручекот како и други специјалитети по ваше барање. Во ресторанот можете да ги вкусите специјалитетите од овој крај, како надалеку познатото Галичко сирење, бакрдан, комат како и други Мијачки специјалитети. |
| 19. | Ресторан “Чезарина„ | Ресторан со богата традиција и традиционална храна. |
| 20. | Ресторан “Мал одмор„ | Националниот Ресторан Мал Одмор се наоѓа во националниот парк Маврово. Локацијата е крај Мавровското езеро,на почетокот на населбата Маврови Анови. Седејќи во ресторанот ќе уживате во погледот на езерото и прекрасната природа. Ресторанот располага со 60 места во самиот ресторан и 60 места на терасата.Во нашето мени ќе ви понудиме голем избор на македонски специјалитети,месо од дивеч,различни видови на салати и пијалоци. |
| 21. | Ресторан “Гламур„ | Ресторан со одличен избор на риба. |
| 22. | Ресторан “Мавровски Мерак„ | Мавровски Мерак е ресторан којшто се наоѓа во населбата Маврово. Ресторанот работи во текот на цела година и служи разни локални традиционални специјалитети. |
| 23. | Ресторан “Кристијан„ | Ресторан во с. Маврово со вкусна храна. |
| 24. | Ќебапчилница-Волчко | Ќебапчилницата Вучко е еден од најстарите угостителски субјекти во овој регион, со понуда на специјалитети која нема да ги остави рамнодушни и најголемите гурмани. Со тек на години, ќебапчилница Вучко стана омилено место на многу гости. Основен специјалитет што не смее да се пропушти кај Вучко, се Ростушките ќебапчиња кои се нудат подолго од 30 години, а се припремени по традиционален семеен рецепт, со спечифичен и уникатен вкус.Овие ќебапчиња во комбинација со традиционалното |

| | | |
|---|---|---|
| | | Ростушко Гравче, сервирано во земјено тавче, се причината поради која гостите си заминуваат задоволни и постојано се враќаат. |
| 25. | Ресторан “Центар„ | Ресторан во НП Маврово со вкусна храна. |
| 26. | Ресторан “Кај Бабе„ | Етно ресторан кој го погодуваат расположението и вкусот. Голем избор на вкусна храна и специјалитети. |
| 26. | Бурекџилница “Два Сокола„ | На оддалеченост од 10 km од селото Маврово се наоѓа бурекџилницата „Два Сокола„ која нуди вкусни пекарски производи и далеку препознатлив бурек. |
| 27. | Ресторан Трница | Ресторанот го има задржано оригиналниот надворешен и внатрешен изглед, но за да се овозможи прием на поголем број гости, изградени се летни тераси низ кои тече рибник со речна пасрмка, како и фонтани што се прелеваат во него. Ресторанот располага со сала од затворен тип за одржување семинари, свечености и за други настани. Освен ова, ресторанот нуди тераса со сопствен шанк која овозможува да се ужива во хоризонтите на Кораб, Шара и на Бистра. Во ресторанот се служи традиционална храна, а најпознат е по качамакот, кој е симбол на овој ресторан и кој се приготвува по стариот рецепт на овчарите од Кораб Трница. Истиот се служи со овчото кисело млеко или со „кораб кашкавал“ и „трничко сирење“ и претставува вистинско кулинарско задоволство. Се служат и традиционални рекански пити со зелка, праз, спањак и со тиква, потоа одлично приготвено јагнешко, јарешко, телешко и пилешко месо, риба, разни макала и многу други јадења. За десерт, освен стандардните, неизбежни се традиционалните сутлијач, баклава, печена тиква. |
| 28. | Ски Хат | Ски хат Горица располага со волшебен поглед кон езерото и полустровот на елените. Сместена на раб од букава шума ова градба е уредена во планински стил поточно во стил хат сместувања кои се присутни на алпските региони. |
| 29. | Кај Тетка Вики | „Кај Тетка Вики“ е ресторан во НП Маврово, а се наоѓа во непосредна близина на црквата Св. Кирил и Методиј и врвот Црн Камен. |
| 30. | Планинарски дом Говедарница | Планинарскиот Дом Говедарница се наоѓа на 1 км над селото Жировница,сместен во близина на Таироска река,до домот има пристапен пат и може да се стигне со џип. Домот располага со 18 легла (кревети) сместени во 3 соби.има дневна со кујна каде може да се готви,и располага со 2 комплетни тоалети и 1 само за туширање. Од домот може да се посетат повеќе од 10 врвови над 2000 метри надморска висина,од Корабски Масив и Дешат. Идеално место за фамилијарни посети бидејќи располага со простор каде што децата може да си играат. |
| 31. | Апартмани Севги | Апартмани кои нудат сместување во селото Ростуше. |
| 32. | Царевец планинарски дом | Објектот располага со 15 легла, од кои 12 во „дормитори“, три во приватно студио/апартман, а во текот на летото може да се постават безброј шатори. Посетителите со задоволство го препорачуваат местото, од причини што самите сопственици коишто работат со него, се пример за тоа како треба да функционира менаџментот на секој сместувачки капацитет во државата. |
| 33. | Ресторан Гозба | Традиционалниот ресторан „Гозба“ ќе се обиде да ја продолжи традицијата, реномето и да го одржи квалитетот што во изминативе шест години беше главна карактеристика на Ресторанот “Кај тетка Вики“. Дел од тимот продолжува со нови предизвици на истото |

| | | |
|---|---|---|
| | | место, со поглед кон прекрасното Мавровското езеро и убавините на Националниот парк “Маврово“. Понудата веќе ја познавате - квалитетна храна подготвена на традиционаен начин според рецептите и обичаите од Мавровско-Реканскиот крај. Домашно лепче на фурна, пити, комати, качамакот и домашно приготвеното кисело млеко. Уживајќи во утринското кафе или пак на мезе и по една ракија. |
| 34. | Вила Јелена | Станот со две соби Вила Јелена Маврово е сместен на приближно 2 km од манастирот Свети Јован Бигорски во Маврово. Станот се наоѓа во непосредна близина на Мавровското езеро и се состои од 2 спални соби. |
| 35. | Вила Јана | Вилата се наоѓа на самиот брег на езерото и нуди прекрасен поглед од терасите. Секоја соба има сопствена бања, мини кујна за лесни оброци, сопствен влез и балкон со поглед од милион долари. |

**Табела 10: Календар на настани, фестивали и традиционални активности**

| Ред. бр. | Период | Име | Опис |
|---|---|---|---|
| 1. | Јануари/февруари | Бека Куп | Манифестација каде младите таленти ги покажуваат своите способности по скијање. |
| 2. | Февруари | Шарпланинскиот Куп | Најзначајнот настан, оргазнизиран во регионот, кој датира од 1947 година и претставува најстарата скијачка манифестација во Македонија е Шарпланинскиот Куп. Шарпланинскиот Куп е натпревар во скијање во две дисциплини, слалом и велеслалом, а се организира на скијачките терени на Попова Шапка. Овој настан поради организациски недостатоци, не се организира секоја година. На сите горе споменати настани, освен дирекното учество на натпреварувачи, искачувачи и организатори. |
| 3. | Март | Мавровски меморијал | Спортска манифестација од државен карактер. Натпреварувачи во нордиско скијање, во Мавровскиот регион во месец март. |
| 4. | Март | Тетовски фолк филиграни | Музичка манифестација во рамките на НП Шар Планина. |
| 5. | Март | Илирски карневали (Бозовце) | Овој традиционален празник со историја долга 3 илјади години, кој датира од најстари илирски времиња наследен од новите генераци, жителите на Бозовце успеале да го зачуваат како традиција. Облечени со овчо крзно, тие од 13 до 21 март веруваат дека ќе ги истерат лошите работи и лошите духови и тие да бидат што подалеку од селото, за да не им наштетат на изворите за егзистенција на жителите од ова село. Карневалите завршуват со заеднички ручек и традиционални јадења во Бозовце. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Април | Дитет е Наимит (Деновите на Наим) | Меѓународна манифестација на поезијата. |
| 7. | Април | Меѓународен ден на Ромите - фестивал на ромски фолклор | Се одбележува во Тетово, секој 8-ми април. |
| 8. | Мај | Традиционалното искачување на највисокиот врв на Шар Планина, Титов Врв | Настан кој се организира секоја година, последниот викенд на месец Мај, а датира од 1980 година. Карактеристиката на овој настан е што за време на организирањето, пристигнуваат гости од пошироките простори на Балканот, голем број на организации од областа на планинарењето со вкупен број на искачени планинари кој во просек изнасува околи 1000 искачени на самиот врв. |
| 9. | Мај | Параглајдинг куп „Менада“ | Параглајдинг купот „Менада“ е настан кој се однесува на натпревари со параглајдери во разни дисциплини од областа на овој спорт. |
| 10. | Мај | Традиционално искачување на Љуботен | Во чест на 13 ноември - ден на град Скопје, традиционално се искачува Љуботен, како планина која го чува овој град и е на грбот на симболот на град Скопје. Атрактивноста на турата е во врвот, кој има форма на пирамида. Љуботен важи за малку суров врв поради тоа што претставува еден вид "пристаниште" на Шара каде се прекршуваат сите ветришта. Љуботен е моќен, величествен и горд. И затоа Љ. секогаш ќе асоцира на Љуботен. На ова традиционално искачување се поканети сите планинарски друштва кои се регистрирани во ФПСМ, со задолжително клубско знаме. |
| 11. | Мај | Ден на општина Маврово и Ростуше 4 мај - 2018 | Се одржува секоја година на 4 мај. Предвидени активности:<br>-Свечена седница на советот на општината,<br>-Културно уметничка програма,<br>-Натпревари во мал фудбал, кошарка, одбојка и атлетика за учениците од општината кои ќе се организираат во месец Април 2018. |
| 12. | Мај/јуни | Блетезат и Тетовски јаболчиња | Детски музички фестивал. |
| 13. | Мај/јуни | Саем на книгата | Презентација на изданија на албански јазик на издавачки куќи од Македонија, Албанија и Косово. |
| 14. | Јуни | Тетовски хорски одзиви | Меѓународно натпреварување на хорското пеење. |
| 15. | Јуни | „Маврово тур“ - 2018 | Се одржуваат натпревари со велосипеди околу Мавровско езеро и планината Бистра. Манифестацијата има рекреативен и натпреварувачки дел. |
| 16. | Јуни/јули | Концерт на Илахии - | Во Домот на Културата во село Ростуше се одржува Концерт на Илахи муслимански верски песни. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | муслимански верски песни | |
| 17. | Јуни/јули | Техо | Меѓународно натпреварување на хорското пеење. |
| 18. | Јуни/јули | Народни традиционални игри (Селце) | Жителите од село Селце ја вратиле старата традиција на традиционални игри кои биле дел од животот на шарските села во минатото. Оваа манифестација организирана од страна на невладината организација за спорт, уметност и култура „Фиси“ поддржана од општина Тетово, со помош на жителите од шарските села собира многу луѓе од сите краишта за пренесување на игри и натпревари кои биле дел од нивното минато. Народните традиционални игри во Селце претставуваат стара традиција на жителите од селото, кои имаат за цел негување на традициите во Шарските подрачја и создавање на чувства за традиција кај тие жители. Во текот на оваа манифестација се организираат игри како влечење јаже, фрлање ѓуле и трчање со штафета. Оваа манифестација се проследува со богата културно-уметничка програма. |
| 19. | Јули | Шари кендон (Шара пее) | Манифестација каде се презентира фолклорот од разни места каде живее албанскиот народ. |
| 20. | Јули | Галичка свадба | Галичката свадба, денес, со сигурност може да се рече дека е еден од најважните културни настани и туристички атракции во пределот. Таа претставува културна манифестација на која секоја година присуствуваат многу гости и туристи со цел да проследат дел од обичаите и традиционалната музика. И покрај тоа што е туристичка атракција, таа сепак е реален чин на стапување во брак на младоженци, за кои по правилата на организацијата потребно е тие, или барем младоженецот да бидат со галичко потекло. Според податоците достапни од литературата забележливо е дека тенденцијата оваа свадба да стане препознатливо обележје на Мијачијата, посебно на Галичник и Галичани се појавила уште во дваесеттите и триесеттите години на XX век, откако дел од оваа локална традиција започнала да се промовира во странство со учеството на разни фолклорни фестивали низ светот. |
| 21. | Јули | Реканско културно лето | Манифестацијата се одржува со цел да ги претстави и промовира културните вредности, етнологијата, традиционалните занаети и традиционалната кујна на локалното население, како и да го подобри квалитетот на културниот живот. Главен настан по кој Реканското културно лето станува препознатливо е денот на традиционална реканска пита - питијада, на кој жените од сите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | населени места ги покажуваат своите готвачки вештини подготвувајќи најразлични рекански специјалитети. |
| 22. | Јули | Денови на одгледувачите на овци и кози | Промоција на туристичките посебности на регионот, натпревари во повеќе дисциплини но и културен настан значаен за промоција на културното и природното наследство на падините на планината Бистра, во прва половина на месец јули. |
| 23. | Јули/август | Избор на најдобра Мавровско - реканска пита - 2018 | Се одржува секоја година во Јули - Август.<br>Предвидени активности:<br>-Избор на најдобра Мавровско - Реканска пита.<br>-Забава за млади со музички групи,<br>-Посета на водопадот Дуф. |
| 24. | Август | Лешочки фолк фест | Лешочкиот фестивал е во организација на Здружението за негување на македонскиот фолклор и традиција „Источник“, со поддршка од Министерството за култура и Тетовско-гостиварската епархија при Македонската православна црква-Охридска Архиепископија. |
| 25. | Август | Галичка ликовна колонија | Ликовната колонија во Галичник се организира секоја година во месец август. Првата колонија од овој вид била организирана во 1990 година, благодарение на залагањата на сликарот Нове Франговски. Колонијата традиционално се одржува во Хотелот Неда, а е финансиски поддржувана од Министерството за култура на Република Македонија. |
| 26. | Септември | Уметноста под отворено небо | "Од 14 до 15 септември 2018 година, во Тетово, се одржа првото издание на манифестацијата ""Уметноста под отворено небоо"" во организација на Мултикултурната асоцијација МЛН ""Дитет е е Наимит"". Оваа активност е поинаква ... Мултиуметничката програма се одржува на шеталиштето во градот и во Клиничка болница во Тетово. Имаме можност да следиме разновидна програма каде што поетската уметност е комбинирана со визуелна, сценска и музичка уметност. Во атмосфера на култура и уметност, полна со новина, поетите ги читаат своите песни додека сликарите ги сликаат темите, мотививе на нивните песни. |
| 27. | Септември | Планинарско традиционално искачување на Кораб | Секоја година Планинарското друштво „Кораб“ во чест на Денот на независноста на Македонија, 8 Септември, организира традиционално меѓународно искачување до највисокиот врв во Македонија, Голем Кораб (2764 m). Патеката до врвот Голем Кораб е една од најмаркантните тури за искачување кај нас, која изобилува со шаренило од пејзажи, брзи потоци, шуми и див свет. |

Оваа активност е финансирана од ПОНТ

**Дисклејмер:** Поддршката на ПОНТ за производство на ова истражување не претставува одобрување на содржината која ги одразува само гледиштата на авторите и PONT не може да биде одговорен за каква било употреба што може да се направи на информациите содржани во неа.